**ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**ОД РЕКТОРОТ**

проф. д-р Владо Ванковски

за работењето на Универзитетот




**АКАДЕМСКА**

**2021/2022**

**ГОДИНА**

Скопје

Декември 2022




# 2021-2022



**СОДРЖИНА**


Вовед . . . . . 4

А. Општи напомени . . . . . 5

Б. Услови под кои се врши дејноста на универзитетот . . . . . 6

1. Студенти . . . . . 8

1.1 Резултати од студирањето . . . . . 10

2. Настава . . . . . 13

2.1 Универзитетски календар на наставни активности . . . . . 13

2.2 Програма за неработни денови . . . . . 14

2.3 Единици во состав на Универзитетот . . . . . 16

2.4 Настава и број на студенти на единиците во состав на Универзитетот . . . . . 24

2.5 Наставен кадар . . . . . 35

2.6 Покриеност на настава . . . . . 36

3. Издавачка дејност . . . . . 52

4. Научно-истражувачка дејност . . . . . 54

4.1 Издадени книги, научно-истражувачки трудови, учества на научни конференции и „ERAZMUS+“ посети. . . . . . 56

5. Стручно-уметнички активности на Факултет за арт и дизајн . . . . . 65

6. Практична работа на студентите . . . . . 71

7. Клиничка настава . . . . . 73

8. Меѓународна соработка . . . . . 74

9. Промоција на универзитетот . . . . . 76

10. Активности на наставници и соработници . . . . . 79

11. Посебни активности на деканите на факултетите . . . . . 94

12. Работа на органите на Универзитетот и факултетите . . . . . 101

12.1 Работни обврски на Универзитетски сенат . . . . . 101

12.2 Работни обврски на Ректорска управа . . . . . 104

12.3 Работа на органите на единиците во состав на Европски универзитет . . . . . 106

13. Работа на Еразмус канцеларијата . . . . . 113

14. Меѓународно научно списание за науки и уметности „ИДЕЈА“ . . . . . 115

15. Самоевалуација . . . . . 117

Заклучни согледувања . . . . . 119

**ВОВЕД**

Врз основа на член 99 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ бр.82/18), Ректорот на универзитетот, најмалку еднаш во годината, поднесува извештај за својата работа и за работата на универзитетот до Универзитетскиот сенат и основачот.

Д-р Владо Ванковски е редовен професор на Факултетот за дентална медицина, а почнувајќи од 01.10.2019 година, ја извршува функцијата Ректор на Европски универзитет Скопје. Работните ангажмани и целите на Ректорот се насочени кон раст и развој на Универзитетот, опстојување на пазарот на високообразовните установи, зголемување на бројот на запишани студенти од земјата и странство, понуда на стипендии за школарина и поволности за учениците од средните училишта кои се со одличен успех, подобрување на конкурентските предности и понуда на поквалитетни високообразовни услуги.

За реализација на претходно наведените цели беше потребен индивидуален и колективен ангажман, со голема објективност, самокритичност и рационално користење на ресурсите, од страна на вработениот кадар на универзитетот, кој придонесе квалитет и успех во работата на секое поле.

Во Годишниот извештај за работа на ректорот се содржани: условите под кои се врши дејноста на универзитетот, бројот на студенти во академската 2021/2022 година, резултати од студирањето, наставниот кадар и покриеноста на наставата по факултети, издавачката дејност, научно-истражувачката дејност, стручно-уметнички активности на Факултетот за арт и дизајн, практичната работа на студентите, активностите на деканите, наставничкиот и соработничкиот кадар, меѓународната соработка, промоцијата на универзитетот, одржани седници на Ректорска управа и Универзитетски сенат, одржани седници на наставно-научните совети на единиците во состав на Европски универзитет Скопје, Меѓународното научно списание за науки и уметности „Идеја“ и работата на ЕРАЗМУС канцеларијата.

Во текот на академската 2021/2022 година редовно се одржуваа седници на Ректорската управа, на кои присуствуваа деканите на факултетите, проректорот за настава, генералниот секретар и претставник на правната служба. На седниците на Ректорската управа беа разгледувани и решавани сите проблеми кои настануваат во тековното работење на универзитетот, беше дискутирано и за активностите на наставниот и соработничкиот кадар, обврските кои произлегуваат од Законот за високото образование, Универзитетскиот статут како и работните задачи на административно-техничкиот кадар. Сите академски активности и работни обврски беа извршени ефективно, ефикасно и навремено.

Во оваа академска година се одржа Дванаесетата меѓународна научна конференција со наслов: „Науката и уметноста во функција на одржливо општество“, организирана од страна на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски универзитет Скопје.

## А. ОПШТИ НАПОМЕНИ

Европски универзитет Скопје своето работење во академската 2021/2022 година го остваруваше според акредитираните студиски програми на I /прв/ и II /втор/ циклус студии, со постојано настојување да се унапреди пристапот кон студентите и да им се овозможи стекнување на нови знаења.

Универзитетот во континуитет го развива и унапредува процесот на добивање знаења и образование, истовремено создавајќи висококвалитетна едукативна и натпреварувачка средина. Активностите на Универзитетот се спроведуваат во согласност со Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ бр.82/18) и се насочени кон остварување на процесот на:

1. Високото образование;
2. Научните и истражувачките активности;
3. Следење на европските и интернационалните образовни движења;
4. Остварување соработка со високообразовни институции во земјата и во странство;
5. Евалуација според европските и интернационални студии;
6. Организирање на меѓународни научни конференции;
7. Реализирање на практичната настава на студентите.

Основната цел на универзитетот е да обезбеди висок квалитет во образованието, еднаков со квалитетот на најдобрите образовни институции во Европа и во светот. Универзитетот им овозможува на студентите да се стекнат со силна академска основа, со пристап до различни знаења од научните области кои се предмет на изучување на единиците во состав на универзитетот и да се подготвуваат да бидат продуктивни, компетентни професионалци и одговорни граѓани во разновидната и динамична глобална околина.

Универзитетот ги развива и следните цели: да се има постојано високо ниво на знаење; да овозможи континуиран академски развој; постојано да се унапредува образовниот процес и образовните операции и да им се овозможи на студентите висококвалитетно образовно и практично искуство и одлично спроведување на процесот на образование; да се овозможи развој на сите единици во состав на универзитетот и да создаде можности за персонален развој и надградба на кадарот; да им се овозможи на студентите висококвалитетно образовно и практично искуство и одлично спроведување на процесот на образование; да се воспостават кооперативни врски со интернационални и надворешни образовни институции, со цел да го негува академскиот развој; пренесување на научни и стручни, знаења и вештини, како и изведување на научни и истражувачки активности.

Мисијата на Европски универзитет Скопје е насочена кон понуда на квалитетно образование со задоволување на високите академски, професионални и технички критериуми и услови за модерно студирање според европски стандарди.

Во остварувањето на својата мисија, универзитетот секогаш се определува за следите трајни вредности:

- современ концепт на организација на наставата;
- висок квалитет и стандард во реализацијата на деловните процеси;

- интензивна меѓународна соработка и
- поврзување со сите значајни учесници на националното и меѓународно опкружување.

Приоритетна задача на Универзитетот е да го подготви образовниот процес т.е. професионализација и специјализација на студиите со помош на меѓусебна соработка со други слични по дејност високообразовни и научни институции, како и образување на компатибилност со развојните насоки во европското високо образование.

Универзитетот негува поинаков пристап кон студентите и стекнувањето на знаење, благодарение на научно-наставниот и соработничкиот кадар кој е целосно посветен на студентите.

## Б. УСЛОВИ ПОД КОИ СЕ ВРШИ ДЕЈНОСТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Универзитетот работи на простор од над 10.000 квадратни метри вкупна површина во која влегуваат 17 предавални, 2 големи амфитеатара, 5 софистицирани компјутерски и други лаборатории за изведување на настава по графички дизајн и ентериер, моден дизајн, опремени со најсовремени машини за шиење и маси за кроење – модно студио, студио за прототипови (опремено со машини и алат за обработка на материјали), ателје (работни места за цртање и сликање), сала за вежбање (кик-бокс и боречки вештини), посебни предавални за изведување на настава и вежби на Факултетот за дентална медицина, како и посебен Универзитетски стоматолошки клинички центар **„ПРОФ. Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ”** Скопје на кој се изведува практичната настава на Факултетот за дентална медицина.

**Слика 1.**
**Современи услови за работа и студирање**



Единиците во состав на универзитетот располагаат со најсовремени помагала и техничка поддршка за изведување на предвидените програми како компјутери, принтери, скенери, веб-камери, микрофони, звучници, проектори, фотокопири, телевизори и смарт-табла. Универзитетот располага со лаптопи и десктоп-компјутери, неколку сервери, видеопроектори, специјализирана хардверска опрема за идниот систем за далечинско учење. Универзитетот користи и многубројни софтверски решенија.

Просториите и целокупната опрема на Универзитетот се во функција на студентите, наставниците и административниот кадар. Предавалните се оспособени за работа во групи, не поголеми од 50 студенти. Информатичките простории се приклучени 24 часа на интернет и со тоа на студентите им се овозможуваат неопходни услови за научни истражувања и реализација на проектни задачи. Секоја предавална е опремена со компјутер, поврзан со проектор и аудиовизуелна камера што овозможува современа изведба на наставата и истовремено следење на наставата преку интернет.

Универзитетскиот web-site постојано се ажурира со најновите тековни информации за студентите, факултетите и наставниот кадар. Сите информации кои се достапни на универзитетскиот web-site имаат преводи на англиски јазик и поставена е посебна страница (линк) за интернационални студенти. За полесен и поедноставен начин на пријавување испити, за студентите се обезбедени on-line пријави.

Професорите и соработниците имаат свои кабинети со што им се обезбедени услови за работа и прием на студентите. Универзитетот исто така располага со современ систем на обезбедување и видеокамери кои се поставени низ целиот објект.

Универзитетот има Facebook, Instagram и Youtube-профили.

**Слика 2.**
**Ателје за цртање и сликање според сите стандарди кои овозможуваат одлична работа**



# 1. СТУДЕНТИ

Во академската 2021/2022 година на Европски универзитет Скопје на I /прв/ и II /втор/ циклус студии, студираа вкупно 463 студенти. Од вкупниот број на студенти 430 студенти или 93% студираат на I /прв/ циклус студии и 33 студенти или 7% на II /втор/ циклус студии.

**Графикон број 1:**




Од вкупниот број на студенти на Европски универзитет Скопје 138 студенти или 30% се студенти во I /прва/ година, 71 студенти или 15 % во II /втора/ година, 112 или 24% се студенти во III /трета/ година, 88 или 19% се студенти во IV /четврта/ година, 21 студенти или 5% во V /петта/ година на Факултетот за дентална медицина и 33 студенти или 7% од вкупниот број на студенти во академската 2021/2022 година на Европски универзитет Скопје, студираат на II /втор/ циклус едногодишни студии модул (4+1).

**Графикон број 2:**



Вкупниот број на студенти на Европски универзитет Скопје во академската 2021/2022 е за 5% или 23 студенти поголем во однос на минатата академска 2020/2021 година. Ова претставува раст на вкупниот број на студенти за прв пат после петгодишниот тренд на опаѓање на вкупниот број на студенти на Европски универзитет Скопје.

**Графикон број 3:**




Од вкупниот број на студенти во академската 2021/2022 година, 442 студенти или 95,5% се од Република Северна Македонија, 21 студент или 4,5% се странски студенти (18 студенти од Хашемитско Кралство Јордан и по 1 /еден/ студент од Република Германија, Република Косово и Република Србија).

Студентите од Република Северна Македонија припаѓаат на следниве националности:

- 356 студенти или 80% се Македонци;
- 66 студенти или 15% се Албанци;
- 6 студенти или 1,3% Турци;
- 8 студенти или 1,8% Бошњаци;
- 3 студенти или 0,7% Роми;
- 3 студенти или 0,7% Срби, и
- 2 студенти или 0,5% Власи.

**Графикон број 4:**



Вкупниот број на студенти на I /прв/ и II /втор/ циклус студии на единиците во состав на универзитетот, во академската 2021/2022 е следниот:

- **Факултет за економски науки**: 73 студенти или 16% од вкупниот број на студенти (56 студент на I /прв/ и 17 студенти на II /втор/ циклус студии (4+1));
- **Факултет за информатика**: 48 студенти на I /прв/ циклус или 10%;
- **Факултет за арт и дизајн**: 73 студенти  или 16% ( 71 студенти на I /прв/ и 2 студенти на II /втор/ циклус студии (4+1));
- **Факултет за детективи и криминалистика**: 130 студенти или 28% (116 студенти на I /прв/ и 14 студенти на II /втор/ циклус студии);
- **Факултет за дентална медицина**: 139 студенти или 30% (109 или 24% насока: Стоматологија и 30 или 6% насока: Забни техничари).

**Графикон број 5:**




Најголем е бројот на запишани студенти на Факултетот за дентална медицина со 30% од вкупниот број на студенти, потоа следува Факултетот за детективи и криминалистика со 28%, па Факултетот за арт и дизајн и Факултетот за економски науки со по 16% и Факултетот за информатика со 10%.

## 1.1 РЕЗУЛТАТИ ОД СТУДИРАЊЕТО

Во текот на академската 2021/2022 година на Европски универзитет Скопје, дипломираа 122 студенти (10 студенти помалку во однос на минатата академска 2020/2021 година, кога вкупниот број на дипломирани студенти беше 132). Од вкупниот број на дипломирани студенти, 13 студенти или 11% се на Факултетот за економски науки, 4 студенти или 3% на Факултетот за информатика, 16 студенти или 13% на Факултетот за арт и дизајн, 8 студенти или 7% на Факултетот за правни науки, 27 студенти или 22% на Факултетот за детективи и криминалистика, 54 студенти или 44% на Факултетот за дентална медицина, од кои 43 или 35% на насока: Стоматологија и 11 студенти или 9% на насока: Забни техничари.

**Графикон број 6:**




Во академската 2021/2022 година на Европски универзитет Скопје, магистрираа вкупно 19 /деветнаесет/ студенти, од кои 6 или 32% на Факултет за економски науки, по 1 /еден/ студент или по 5% во вкупниот број на магистрирани студенти на Факултетот за арт и дизајн и Факултетот за информатика, 4 магистрирани студенти или 21% на Факултет за правни науки и 7 студенти или 37% магистрирани студенти на Факултет за детективи и криминалистика, од кои еден студент се стекна со стручниот назив Специјалист по безбедност и 6 студенти со Магистер за безбедност.

**Грфикон број 7:**



Се помалиот број на магистрирани студенти по академски години на II /втор/ циклус студии на Европски универзитет Скопје (прилог Графикон бр.8) се должи на намалениот број на запишани студенти на II /втор/ циклус студии во рамките на универзитетот и тоа во континуитет во изминатите академски години (прилог Графикон бр. 9).

**Графикон број 8:**




**Графикон број 9:**



## 2. НАСТАВА

### 2.1 УНИВЕРЗИТЕТСКИ КАЛЕНДАР НА НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Наставата во академската **2021/2022 година** се одвиваше според следниот:

**УНИВЕРЗИТЕТСКИ КАЛЕНДАР**
на наставни активности
во академската **2021/2022** година **(01.10.2021 - 30.09.2022)**
**за ПРВ и ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ**
**на ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ**

**Согласно Законот за високото образование,**
**АКАДЕМСКАТА 2021/2022 ГОДИНА ЗАПОЧНУВА НА 01.10.2021 (ПЕТОК)**

**НАСТАВАТА ВО ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР НА ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ ЗАПОЧНУВА НА 04.10.2021 (ПОНЕДЕЛНИК)**

| **Времетраење на ПРВ (ЗИМСКИ) СЕМЕСТАР** | **01 Октомври 2021 - 14 Јануари 2022** |
|---|---|
| **Настава, вежби, консултации (6 недели)** | 04. 10. - 12. 11. 2021 |
| ✓ Прв колоквиум **(1 недела)** | 15 - 19. 11. 2021 |
| **Настава, вежби, консултации (6 недели)** | 22. 11. - 31. 12. 2021 |
| **Одбрана на стручни трудови (1 недела)** | 03 - 05. 01. 2022 |
| ✓ Втор колоквиум **(1 недела)** | 10 - 14. 01. 2022 |

**ЗИМСКИ РАСПУСТ ЗА СТУДЕНТИТЕ: 15 ЈАНУАРИ - 13 ФЕВРУАРИ 2022**

**НАСТАВАТА ВО ЛЕТНИОТ СЕМЕСТАР НА ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ ЗАПОЧНУВА НА 14.02.2022 (ПОНЕДЕЛНИК)**

| **Времетраење на ВТОР (ЛЕТЕН) СЕМЕСТАР** | **14 Февруари - 30 Септември 2022** |
|---|---|
| **Настава, вежби, консултации (6 недели)** | 14. 02 - 25. 03. 2022 |
| ✓ Прв колоквиум **(1 недела)** | 28. 03. - 01. 04. 2022 |
| **Настава, вежби, консултации (6 недели)** | 04. 04. - 13. 05. 2022 |
| **Одбрана на стручни трудови (1 недела)** | 16 - 20. 05. 2022 |
| ✓ Втор колоквиум **(1 недела)** | 23 - 27. 05. 2022 |

**ЛЕТЕН РАСПУСТ ЗА СТУДЕНТИТЕ: 16 ЈУЛИ -31 АВГУСТ 2022**

**ИСПИТНИ СЕСИИ - датуми на одржување на испитните сесии на Прв и Втор циклус студии:**

| 8 Испитни сесии | Датум на пријавување | Датум на одржување |
|---|---|---|
| ✓ Октомври | 01 - 07. 10. 2021 | 18 - 29. 10. 2021 |
| ✓ Ноември | 01 - 05. 11. 2021 | 22- 30. 11. 2021 |
| ✓ Декември | 01 - 07. 12. 2021 | 13 - 24. 12. 2021 |
| ✓ Февруари | 01 - 07. 02. 2022 | 16 - 28. 02. 2022 |
| ✓ Март | 01 - 07. 03. 2022 | 14 - 25. 03. 2022 |
| ✓ Април | 01 - 07. 04. 2022 | 18 - 29. 04. 2022 |
| ✓ Јуни | 01 - 07. 06. 2022 | 13 - 24. 06. 2022 |
| ✓ Септември | 22 - 26. 08. 2022 | 05 - 16. 09. 2022 |

## 2.2 ПРОГРАМА ЗА НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ ЗА АКАДЕМСКАТА 2021/22 г.

согласно Законот за празниците на Р. Македонија („Сл.весник на РМ”, бр. 21/98 и 18/07)

**НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ во 2021 година**, започнувајќи од 1-ви Октомври

- **За сите граѓани на РМ:**
  - 11 октомври (понеделник), Ден на народното востание;
  - 23 октомври (сабота), Ден на Македонската Револуционерна Борба;
  - 8 декември (среда), „Св. Климент Охридски”.

- **Само за граѓаните од католичка вероисповед:**
  - 01 ноември (понеделник) - Празникот на сите светци;
  - 25 декември (сабота) - прв ден на Божиќ.

- **Само за граѓаните припадници на албанската заедница во РМ:**
  - 22 ноември (понеделник) - Ден на албанската азбука.

- **За граѓаните припадници на турската заедница во РМ:**
  - 21 декември (вторник) - Ден на настава на турски јазик.

**НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ во 2022 година,** заклучно со 30-ти Септември

- **За сите граѓани на РМ:**
  - 01 јануари (сабота) - Нова Година;
  - 07 јануари (петок) - Божиќ, прв ден на Божиќ, според Православниот календар;
  - 25 април (понеделник) - втор ден на Велигден, според Православниот календар;
  - 2 мај (понеделник) - Ден на трудот (1 - ви мај е во недела - неработен ден, а се прославува во понеделник);
  - 2 мај (понеделник) - Рамазан Бајрам, прв ден на Рамазан Бајрам;
  - 24 мај (вторник) „Св. Кирил и Методиј”- Ден на сесловенските просветители;

- 02 август (вторник) - Ден на Републиката;
- 8 септември (четврток) - Ден на независноста.

➢ **Само за граѓаните од православна вероисповед:**

- 06 јануари (четврток) - Бадник, ден пред Божиќ;
- 19 јануари (среда) - Богојавление (Водици);
- 22 април (петок) - Велики Петок, петок пред Велигден;
- 10 јуни (петок) - Духовден, петок пред Духовден;
- 28 август (недела) - Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица).

➢ **Само за граѓаните од католичка вероисповед:**

- 18 април (понеделник) - втор ден на Велигден.

➢ **Само за граѓаните од муслиманска вероисповед:**

- 9 јули (сабота) - Курбан Бајрам, прв ден на Курбан Бајрам.

➢ **Само за граѓаните припадници на српската заедница во РМ:**

- 27 јануари (четврток) - Свети Сава.

➢ **Само за граѓаните припадници на ромската заедница во РМ:**

- 08 април (петок) - Меѓународен ден на Ромите.

➢ **За граѓаните припадници на влашката заедница во РМ:**

- 23 мај (понеделник) - Национален ден на Власите.

➢ **За граѓаните припадници на еврејската заедница во РМ:**

- 28 септември (среда) - Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур.

➢ **За граѓаните припадници на бошњачката заедница во РМ:**

- 28 септември (среда) - Меѓународен ден на Бошњаците.

## 2.3 ЕДИНИЦИ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

Факултетот за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје, постои веќе 20 години, сметајќи од неговата прва акредитација во 2001 година.

Мисијата на Факултетот за економски науки е да обезбеди високо квалитетно образование кое ќе ги подготви студентите за успешна професионална кариера во областите на менаџментот, финансиите, маркетингот и економијата воопшто.

Главната цел на Факултетот за економски науки е да обезбеди висок квалитет на образование кое ќе може да се поистовети со образованието што го нудат најдобрите високообразовни институции во Европа, па и во светот. На студентите им е овозможена силна академска основа со пристап до различни знаења (од областа на финансиското работење, менаџмент и маркетинг техники) со цел тие да се подготвуваат за да бидат продуктивни, компетентни професионалци и одговорни граѓани во разновидната и динамична глобална средина.

Поконкретни активности кои ги спроведува Факултетот, а кои произлегуваат од зацртаната мисија и цел, и се во согласност со Законот за високото образование се следните:

- ✓ Континуирано обезбедување на високо ниво на знаење како врвен приоритет на факултетот;
- ✓ Унапредување на образовниот процес и образовните активности;
- ✓ Изведување на научни и истражувачки активности;
- ✓ Имплементација на современите европски и интернационални образовни трендови;
- ✓ Пренесување на научни и стручни знаења и вештини;
- ✓ Соработка со високообразовни институции и научни установи во земјата и во странство;
- ✓ Квалитетна евалуација според европски и интернационални стандарди.

Работата на Факултетот за економски науки во академската 2021/2022 година може да се оцени како успешна ако се земат предвид неповолните и сложени услови во опкружувањето во високото образование и нелојалната конкуренција од државните и другите приватни универзитети. Неповолната состојба и оваа академска година се должи на состојбите во високото образование во Република Северна Македонија, кои се однесуваат на масовно зголемување на бројот на високообразовни институции, изразената нерамноправна положба помеѓу државните и приватните универзитети, како и нелојалната конкуренција помеѓу нив, но и помеѓу приватните универзитети.

Сепак, Факултетот за економски науки успеа да се одржи и продолжи понатаму со понуда на квалитетно образование. Предностите на факултетот во однос на конкурентните факултети се големи. Имено, истиот ги задоволува високите академски, професионални и технички критериуми и услови за модерно студирање според европски стандарди. Факултетот за економски науки негува еден целосно нов, поинаков пристап кон студентите и кон стекнувањето знаење. Наставно-научниот и соработничкиот кадар е посветен на студентите. Тие, освен квалитетна настава и вежби, се здобиваат со широки знаења, остваруваат секојдневна комуникација со професорите, разменуваат знаења, мислења и идеи, имаат пристап до домашна и странска, најнова и популарна литература и

четива, учествуваат во научни и истражувачки проекти и студираат во пријатно опкружување.

Факултетот за економски науки со цел задржување на високиот квалитет на образование и перформанси, и во иднина ќе се заложи за интензивирање на научно-истражувачката работа, учество на меѓународни конференции, заеднички меѓународни проекти, учество во дебати од областа на економијата и поблиска соработка со бизнис-секторот заради полесно вклучување на студентите во општествениот живот на Република Северна Македонија.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

Факултетот за арт и дизајн постои цели шеснаесет години и се занимава со едуцирање на кадри од применетата уметност, т.е. продуцира високообразовани кадри од областа на дизајнот на I /прв/ и II /втор/ циклус студии од областите на графичкиот дизајн, модниот дизајн и дизајнот на ентериер. Факултетот е организиран како единствена организациона единица со три катедри и студиска програма по арт и дизајн во која преку модули со изборни предмети на студентите им се овозможува потесна специјализација. За успешноста на својата досегашна работа на факултетот сведочат и големиот број награди и признанија кои во изминатите години ги добиваа студентите и нивните ментори. Минатата 2021 година Факултетот го прослави Јубилејот на 15 години постоење, а оваа година ја заокружува шеснаесеттата.

Главни стратешки цели на Факултетот за арт и дизајн се:

- Усовршување на стандардите и критериумите во сите сегменти на настава со цел за подобрување на квалитетот;
- Етаблирање на услови за научно-истражувачка дејност во областа на теоријата и истражувачките аспекти на дизајнот;
- Прилагодување на наставните планови и програми на европските искуства и светските трендови во образованието;
- Активно спроведување на студентската практика преку партнерства со бројни компании и институции;
- Збогатување на настава со афирмирани и успешни професионалци од практиката;
- Создавање услови за интернационализација на Факултетот за арт и дизајн преку размена на студенти и наставници со сродни странски високообразовни институции.

Факултетот за арт и дизајн има препознатлив имиџ во јавноста, со модерен концепт на настава, кој освен академското пренесување на знаење вклучува и иновативни форми, релевантни за дизајнот како област и алтернативни облици на настава. Тоа се предавања на личности успешни и признати во својата област, реализација на студентски проекти, работилници, изложби, модни ревии. Во академската 2021/2022 година Факултетот за арт и дизајн со целиот наставен кадар составен од професори, асистенти и демонстратори, максимално придонесоа за целосно реализирање на наставната програма и афирмација на факултетот. Природата на дејноста и јавниот карактер на дополнителните активности придонесуваат за целосно функционирање и збогатување на наставната програма на факултетот.

Работата во академската 2021/2022 година, повторно беше засегната со светската пандемија со вирусот COVID-19, која беше прогласена од Светската здравствена организација на 11 март 2020. Наставата делумно, во зимскиот и во летниот семестар се одвиваше преку онлајн платформи (без физичко присуство на студентите). Од 1 октомври 2021 до првиот колоквиум во ноември со физичко присуство, потоа до 1 април онлајн, за потоа пак од 1 април до 30 септември 2022 со физичко присуство. Полагањата се реализираа со колоквиумските недели и испитните сесии со физичко присуство, а одредени полагања се спроведоа онлајн. Одбраните на дипломските и магистерските трудови се одвиваа со физичко присуство.

Годишната изложба на Факултетот за арт и дизајн беше успешно и целосно реализирана со физичко присуство, а студентите од моден дизајн учествуваа и на модна ревија.

Меѓународната соработка очекувано беше со намалени активности, а реализираните активности претежно беа онлајн. Во академската 2021/2022 година не беа реализирани Еразмус+ мобилност за професори и студенти. Во секој случај, беа направени нови контакти со универзитети и други организации.

Во есента 2021 асс. м-р Никола Узуновски беше избран во наставно-научно звање доцент, а беше избрана и нова соработничка асс м-р Даниела Димитровска. Како насловен доцент беше ангажирана м-р Душица Симовска. И оваа година продолжи ангажирањето на демонстратори од редот на студентите во втор циклус, Ветон Арифи и Ана Миланова. На крајот на академската година својот соработнички ангажман го заврши уметничкиот соработник Елена Макаровска, која беше дел од кадарот на факултетот уште од самите почетоци.

За претседател на Факултетското студентско собрание на Факултетот за арт и дизајн беше избран Мариго Антов, студент во III година, а за членови на собранието беа избрани Петар Новковски и Ивона Паноска.

Во текот на академската 2021/2022 година Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет Скопје постигна значителни резултати во својата работа и го заврши наставниот процес според планот, со успесите и наградите на студентите и кадарот на домашно и меѓународно ниво. Во зимскиот и летниот семестар продолжи да се соочува со големи предизвици кои влијаеа на наставниот процес и целокупните академски активности: светската пандемија со Ковид-19, каде дел од годината премина во целосна онлајн настава и полагања, онлајн состаноци; неможноста да се реализира дел од годишната програма и Еразмус+ мобилностите; жалбата од студентите и заминување на членови од наставниот тим. И покрај овие предизвици кои влијаеја во процесот на работа, беа реализирани во целост наставните програми, полагањата на испитите и колоквиумите, како и одбраните на дипломските и магистерските трудови, беше организирана и реализирана обемна и квалитетна Годишна изложба на студентските дела, беше подготвено јубилејно видео „15 години ФАД“, а наставниот и соработничкиот кадар успеа да го задржи професионалниот однос кон студентите, акцентирајќи ја пред сé посветеноста кон работните обврски и имлементирање на наставната програма. Беа реализирани учества на изложби, семинари, модни ревии. Во преден план беше индивидуалниот однос кон студентите, грижата и фокусот на развојот на нивниот креативен потенцијал, што резултираше со мотивираност на студентите и нивен значаен придонес во континуираните квалитетни реализации на факултетот. Тимот на професори,

асистенти и демонстратори од Факултетот за арт и дизајн во своето работење и големиот број на реализирани проекти го даваат својот максимален интелектуален капацитет за реализација на наставната програма и вон-наставните актвности.

Факултетот во услови на намалениот број средношколци во државата, конкуренцијата од формалното и неформалното образование, пандемијата и заминувањето во странство, успеа да запише најголем број на студенти во прва година за академската 2022/23 во изминатите десетина години, што говори за реномето и квалитетот на факултетот во последните години.

Дипломираните и магистрираните студенти, кои успешно го наоѓаат своето место на домашните и странските пазари на трудот, и кои редовно ги следиме во нивната кариера, се наш мотив за продолжување на мисијата и професионалниот пристап на Факултетот за арт и дизајн, кој веќе шеснаесет години создава квалитетни и барани кадри од областа на графичкиот, модниот и дизајн на ентериер. Признанијата и наградите на факултетот акумулирани во досегашното повеќегодишно работење, новите домашни и меѓународните партнерства и соработки - се доказ за патот по кој чекори факултетот и ни даваат мотивација за понатамошен развој и надминување на сите предизвици кои ни се испречуваат на патот.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

Факултетот за дентална медицина работи како единица во состав на Европски универзитет Скопје. Во академската 2021/2022 година се запиша 14 /четиринаесетата/ генерација студенти на Факултетот за дентална медицина и 10 /десетата/ генерација студенти на I /прв/ циклус стручни студии - Забни техничари.

На Факултетот за дентална медицина во академската 2021/2022 година, веќе 9 /деветта/ година студираат студенти од Турција, а 4 /четири/ години се изведува и акредитирана настава на англиски јазик. Наставата во првата половина од академската година се одвиваше комбинирано (on-line и со физичко присуство), согласно Протоколите за заштита при пандемија, издадени од надлежните органи. По Одлуката на Влада за престанок на on-line настава, наставните активности се одржуваа исклучиво со физичко присуство.

Факултетот за дентална медицина своите наставни, научни, здравствени и истражувачки цели ги остварува во рамките на просторните, технолошките и административните услови на Европски универзитет Скопје и ПЗУ-Универзитетски стоматолошки клинички центар **„ПРОФ. Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ“** Скопје. Клиничкиот центар има склучено договор за соработка и со ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон“ Скопје.

Наставата на Факултетот за дентална медицина се организира на повеќе наставни програми:

- Студентите на Факултетот за дентална медицина од IX и X семестар ја следат наставата во согласност со студиска програма интегрирани академски студии на I /прв/ и II /втор/ циклус студии, акредитирана од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Решение бр. 15-149/7 од 23.03.2011 година);

- Студентите на Факултетот за дентална медицина од од I, II, III, IV, V, VI, VII и VIII семестар семестар ја следат наставата во согласност со студиска програма

интегрирани академски студии на I /прв/ и II /втор/ циклус студии, акредитирана од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Решение бр.1409-235/2 од 16. 7. 2018 година).

На Факултетот за дентална медицина има и акредитирана студиска програма Забни техничари I /прв/ циклус стручни студии.

Студентите запишани на студиска програма Забни техничари I /прв/ циклус стручни студии од I до VI семестар наставата ја следат во согласност со Решение за акредитација бр. 1409-234/2 од 16.7.2018 година.

Студиите на Факултетот за дентална медицина, според студиската програма се интегрирани академски студии на I /прв/ и II /втор/ циклус студии – англиски јазик, во траење од 10 /десет/ семестри во согласност со Решението за акредитација бр.1409-383/4 од 18.3.2019 година.

Тргнувајќи од поставената основна цел на Европски универзитет Скопје, да обезбеди квалитетно образование, еквивалентно на најдобрите образовни институции во Европа и во светот, како и обврските од член 20 од Законот за високото образование, Факултетот за дентална медицина своите активности ги насочува кон организирање на квалитетна високообразовна, научно-истражувачка и применувачка високостручна дејност во студиското и научно-истражувачкото подрачје на стоматологијата, воведува современи европски и меѓународни образовни трендови, врши квалитетна евалуација според европските и интернационални стандарди и остварува соработка со други високообразовни институции во земјата и во странство.

Со совладување на наставната програма на Факултетот за дентална медицина, студентите ќе се стекнат со знаења и вештини и ќе се оспособат сигурно да ги презентираат стекнатите знаења во ефикасно решавање на актуелните стоматолошките проблеми, ефикасно да ги користат условите и времето за работа и ќе се оспособат за несебична тимска работа. Стекнатото знаење како и научените вештини заедно со професионалните ставови ќе му овозможат на докторот по стоматологија поголема самостојност и сигурност во идната работа.

Покрај грижата за едукацијата на студентите, грижата за едукација на дипломираните студенти, како врвен приоритет на Факултетот за дентална медицина е да води постојана грижа за континуиран развој на факултетот, на наставниот и соработничкиот кадар преку користење на литература од сопствената библиотека опремена со читална и комплетна покриеност со мрежа на компјутери со слободен пристап на интернет за наставниците, соработниците и студентите.

## ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА

Факултетот за детективи и криминалистика постои веќе 14 години, при што дава забележителен придонес во едуцирање на кадри од областа на приватната безбедност, криминалистиката и националната безбедност на I /прв/ и II /втор/ циклус студии. Во текот на своето постоење, факултетот успеа да изгради препознатлив имиџ со еден модерен концепт на настава, кој освен академското пренесување на знаење вклучува и практични облици на настава. Тоа се предавања на познати експерти од областа на безбедноста, искусни оперативци од безбедносниот систем на нашата држава и пошироко. Современата наставна програма преку задолжителни и изборни предмети на студентите

им овозможува потесна специјализација во областа на приватната безбедност, криминалистиката и националната безбедност.

Во академската 2021/2022 година, наставниот и соработничкиот кадар кои се во редовен работен однос, како и визитинг и насловните професори, преку континуирана академска и научна соработка и активности, максимално придонесоа за целосно реализирање на наставната програма, афирмација на факултетот на домашно и меѓународно ниво и подигнување на знаењето кај студентите.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

Факултетот за правни науки како единица во состав на Европски универзитет Скопје, функционира и ја извршува својата дејност почнувајќи од академската 2007/2008 година. Преку примена на највисоките стандарди, факултетот обезбедува запознавање со суштинскиот концепт на правото.

Активностите на Факултетот за правни науки се спроведуваат во согласност со Законот за високото образование, како и во согласност со Статутот на универзитетот, правилниците за работа и другите акти и позитивните правни прописи.

Мисијата на Факултетот за правни науки, како дел од системот на институции кои не само што подготвуваат кадри, туку и битно влијаат на професионалноста и квалитетот на законодавството, структурата на апаратот на јавната администрација, а посебно на правосудниот систем е, да обезбеди висок квалитет во образованието од областа на правото, еднакво на најдобрите образовни институции во Европа и во светот. Преку примена на највисоките стандарди, факултетот обезбедува запознавање со суштинскиот концепт на правото, негово усвојување од страна на студентите, ја развива нивната креативност и ги подготвува за практична примена на прописите.

Мисијата на Факултетот за правни науки може поблиску да се определи преку дефинирање на основните цели кои тој ги постигнува и развива со својата работа.

Без претензија да се набројат сите, меѓу нив спаѓаат и:

- Понатамошен развој на Европски универзитет Скопје и на самиот факултет;
- Континуирана интеракција со институциите вклучени во процесот на развој на правниот систем и вклучување на студентите и наставниците во тој процес;
- Давање соодветен придонес кон развојот на законодавството;
- Подготвување кадри за специфичните профили во областа на правото;
- Развој на научните дисциплини кои се изучуваат на Факултетот за правни науки;
- Осовременување на наставните методи за реализација на студиските програми;
- Интеграција на регионалните и глобалните мрежи на теоретски знаења и пракса во функција на создавањето и примената на правото;
- Следење на новитетите во областа на споредбеното право и дисеминација на соодветните информации низ процесот на перманентно образование;
- Поттикнување на научно-истражувачката работа на студентите;
- Соработка при изведувањето на наставните програми со образовните установи на регионално ниво, хармонизација на програмите во европскиот простор и други видови соработка на меѓународно рамниште.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА

Факултетот за информатика како дел од Европски универзитет Скопје беше акредитиран во јуни 2005 година. Задачите што треба да ги извршува Факултетот за информатика се повеќеслојни. Тој подготвува дипломирани инженери по информатика со познавања од повеќе области: програмирање, системско инженерство, компјутерски мрежи и комуникации, бази на податоци, мултимедија и компјутерска графика. Потребата од вакви кадри е евидентна не само кај нас, туку во сите земји од светот.

Одржувањето на кадровската екипираност на факултетот и подобрувањето на уписот на нови студенти беа најзначајните задачи оваа академска година. Во идниот едногодишен период треба да се подобри покриеноста на наставата со избрани наставници и соработници.

Факултетот има значајна улога во ширењето на општата информатичка култура во општеството, особено во делот на примена на современите дигитализирани образовни технологии. Активностите на Факултетот за информатика се спроведуваат во согласност со Законот за високото образование.

Факултетот обезбедува:

1. Високо образование, научни и истражувачки активности;
2. Имплементација на современите меѓународни образовни трендови;
3. Соработка со високообразовни институции во земјата и во странство;
4. Квалитетна евалуација според меѓународни стандарди.

Целта е да обезбеди квалитет во образованието еднаков на најдобрите образовни институции во Европа и во светот, каде студентите се подготвуваат успешно да се инкорпорираат во високо конкурентната и постојано променлива бизнис околина.

Мисијата на Факултетот за информатика е да го негува академскиот успех и да создаде стручни лица кои ќе можат да одговорат на потребите на општеството во оваа област, како и индивидуи способни да го следат натамошниот динамичен развој на информатичката технологија. Во согласност со тоа факултетот нуди модерни наставни програми сообразени со највисоките стандарди, како и најсовремени лабораториии, училници и амфитеатри.

Софистицираната опрема вклучува сервери, работни станици, системи за електронско учење и други наставни помагала кои овозможуваат одржување на квалитетна теориска и практична настава со квалитетен кадар. Факултетот има Campus agreement со софтверскиот гигант Microsoft, па целокупниот софтвер кој се користи е лиценциран. Студентот е срцето на факултетот, а секојдневна грижа на наставниците и соработниците се токму студентите и нивниот успех во положувањето на испитите.

Наставниот кадар на Факултетот за информатика се состои од високо-компетентни и докажани стручњаци (професори и соработници), кои во својата кариера имаат публикувано голем број научни трудови во меѓународни списанија со импакт фактор, конференции, како и учебни помагала.

Исполнувањето на примарната задача, образувањето на апликативни стручњаци од областа на информатиката и информатичката технологија, не е можно без соодветна соработка со компаниите од соодветната област. Проектите кои Факултетот за информатика ги работи се самостојни или во соработка со овие компании. Знаењата и искуството кое го имаат вработените од Факултетот за информатика се пренесува на

нашите студенти, кои истите ги применуваат преку соодветни апликации и во решавањето на конкретни проблеми што се јавуваат во стопанството, во државните и јавните установи и служби. Во соработката на Факултетот за информатика со стопанството и во активната студентска пракса, студентите гледаат можност за вработување по завршувањето на студиите, обезбедувајќи си просперитетна кариера.

Плановите и целите на факултетот за во иднина се повеќестрани и опфаќаат интензивирање на научно-истражувачката работа и тоа најмногу во областа на аналитика на податоци, бази на податоци, податочно рударење, семантички веб и дизајн и анализа на алгоритми.

Во областа на податочно рударење, нашиот кадар спроведува интегриран процес за податочна анализа, кој се состои од серија активности:

- Дефинирање на целите на анализата;
- Селекција, организирање и претпроцесирање на податоците;
- Истражувачка анализа на податоците и нивна трансформација;
- Спецификација на статистички методи (предиктивни, дескриптивни);
- Анализа на податоците со избраните методи;
- Интерпретација на моделот и негова примена во фазата на одлучување.

Во областа на дизајн и анализа на алгоритми, истражувањата се состојат во решавање практични проблеми од различна природа:

- Алгоритми за енкрипција (заштита на информации при пренос) - усовршување на постоечките и изнаоѓање нови симетрични и асиметрични алгоритми;
- Алгоритми за изнаоѓање најблизок сосед (според одредена метрика) - овие алгоритми имаат примена во квантизацијата на сигнали, препознавањето на говор и облици;
- Алгоритми за пронаоѓање најкраток пат во мрежа - се користат при рутирање во фиксни и безжични мрежи.

Факултетот за информатика негува научни дисциплини и развива технологии за поддршка на научно-истражувачките проекти на другите факултети на Европски универзитет Скопје, но и пошироко во зависност од потребите. Областите како e-Business, e-Commerce, e-Learning и e-Government во најширока смисла се планира да бидат поддржани низ научно-истражувачката работа на Факултетот за информатика.

- 21.10.2021 Посета на изложбата на плакати за Скопје џез фестивал „Компликувај едноставно" во Младинскиот културен центар;

- 10.11.2022 Посета на Изложбата на Галичка ликовна колонија во Национална галерија на Македонија;

- 27.04.2022, Посета на Археолошкиот музеј во Скопје;

- 27.04.2022, Посета на изложба во Чифте Амам, Национална гакерија.

**МОДНА ИЗЛОЖБА „КРЕАЦИЈА ИНСПИРИРАНА ОД НАРОДНАТА НОСИЈА (**Мала Станица, ноември 2022 година)

Во организација на „Media Broadcasting" Скопје, беше спроведен конкурс за млади дизајнери на тема: „*Креација инспирирана од македонската народна носија"*. Од Европски универзитет учествуваа неколку студенти, кои беа селектирани и се претставија со свои креации на изложбата која се оддржа во Мала станица во Скопје. Ментор на студентите беше проф. д-р Јана Манева Чупоска.



**ЈУБИЛЕЈНО ВИДЕО „15 ГОДИНИ ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН (**2021 г.)

За дополнување на одбележување на Јубилејот „15 години Факултет за арт и дизајн" беше изработено промотивно видео, со приказ на историјатот на изложби, модни ревии, награди, достигнувања и фрагменти од јубилејниот настан, кое беше објавено на

социјалните мрежи на крајот на 2021 година како последен дел од овој проект, а на почетокот на јули 2022 е реобјавено уште еднаш. Материјалот и сценариото го подготви проф. д-р Гордана Вренцоска, а техничка поддршка имаше од Александар Трпчевски – IT администратор.

Јубилејната изложба е поставена во холовите на Европски универзитет Скопје, значаен е бројот на луѓе кои досега ја имаат видено и посетено. И после една година, поставката сѐуште е на увид на сите што го посетуваат објектот на универзитетот.




**Прва самостојна изложба „МОЈОТ СВЕТ ВО БОЈА“ НА СТУДЕНТКАТА ВЕРОНИКА ЉОРОВСКА (**Мај 2022 година)

На 12 мај 2022 година, во галеријата КО-РА при ЈУ Дом на култура „Кочо Рацин“ во Скопје беше отворена првата самостојна изложба на Вероника Љоровска, со наслов „МОЈОТ СВЕТ ВО БОЈА“. Идејата за организирање на оваа изложба на студентката Вероника Љоровска е да се даде поддршка на лицата со посебни потреби како еднакви граѓани во нашето општество и нивното право на високо образование. Европски универзитет Скопје го негува духот на помагање на оваа категорија на лица овозможувајќи им студии со финансиска поддршка, во форма на целосна стипендија во времетраење од четири години. Таков е и случајот со студентката Вероника Љоровска, која е стипендист на Факултетот за арт и дизајн на насоката графички дизајн. Оваа камерна изложба насловена како „МОЈОТ СВЕТ ВО БОЈА“ се организираше на иницијатива на проф. д-р Јана Манева - Чупоска. Во подготовката на изложбата помогнаа студентите од генерацијата на Вероника, асс. м-р Даниела Димитровска и деканот проф. д-р Гордана Вренцоска.

Изложбата се состои од четириесеттина дела изработени во повеќе техники: молив, јаглен, туш, фломастер, темпера, колаж, асамблаж, енформел. Форматите на делата се изработени во повеќе димензии.

Изложбата ја посети и Претседателот на државата Стево Пендаровски со сопругата.





**УЧЕСТВО НА ИЗЛОЖБА НА ПЛАКАТИ „ТОЛЕРАНЦИЈА“ ВО КИПАР (**18 март 2022 година)

Плакатот на студентката Росана Крстева од Факултетот за арт и дизајн влезе во финалните избрани 50 од вкупно пристигнати 1420 плакати од 45 земји на конкурсот за дизајн на плакат на темата „Толеранција“, организиран од Graphic Stories Cyprus.

Изложбата на селектираните 50 плакати беше отворена на 18 март во просториите на Фредерик универзитетот во Никозија, а по завршувањето на 31 март наредниот ден ќе се пресели во Барселона. Во рамки на настанот во Никозија беше организирана меѓународна конференција за визуелни комуникации на тема „Толеранција“.

Учеството на студентите по графички дизајн од четврта година при Факултетот за арт и дизајн на овој конкурс беше реализирано како колоквиумска задача на тема „реални светови“ за предметот Графички дизајн 1, под менторство на проф. д-р Гордана Вренцоска.





**УЧЕСТВО НА ИЗЛОЖБА НА МЛАДИНСКИ ПРОЛЕТЕН САЛОН (**27 мај 2022 година)

Републичката ликовна манифестација „13 Младински пролетен салон”, во организација на Националната галерија оваа година беше на тема Флора и Фауна. Во рамки на учеството на истата, учествуваа група студенти од прва и втора година, од предметите Цртање и Техники на цртање, Ликовно обликување во дизајнот, Сликање и

Техники на сликање. Делата беа работени под менторство на проф. д-р Гордана Вренцоска и проф. д-р Јана Манева Чупоска. Помош во организација - продекан проф. м-р Благојче Наумоски и асс. м-р Даниел Димитровска.

На конкурсот беше наградена студентката Катерина Барабановска од 1 година, која освои 2 награда во категоријата на студентски дела, со дело од предметот Цртање.




**„ИМАГИНАРИУМ“ – ГОДИШНА ИЗЛОЖБА на Факултетот за арт и дизајн 2021/2022, Европски универзитет Скопје** (31 Мај – 24 Јуни 2022 година)

Годишната изложба на студентите по две години пандемска пауза и две нејзини дигитални / онлајн изданија повторно се одржа во физичка форма. Изложбата траеше од 31 мај до 24 јуни 2022 година, и се одржа во халата на старата печатница во објектот на Европски универзитет Скопје. На изложбата се претставија студентите од прв и втор циклус од модулите за графички дизајн, моден дизајн и дизајн на ентериер, како и дипломците и магистрите, кои своите дела ги реализираа во академската 2021 / 2022 година. Во изложбата беа вклучени и дела работени за јавни повици и конкурси за дизајн, за настани. Беа изложени цртежи, колажи, слики, фотографии, видеа, плакати, летоци, дизајн концепти, објекти, макети, прототипови на книги и облека, и други дела. Подготовката на Годишната изложба беше во рамки на вториот колоквиум од летниот семестар, и се бодуваше во оценувањето на студентите што го полагаа вториот колоквиум. Оваа активност им помага на студентите да ги развијат своите практични, организациски и презентациски вештини, и да го промовираат својот труд пред јавноста. Отворањето беше во присуство на управниот одбор, ректорот, генералниот секретар, професорите, студентите и голем број на гости. На отворањето се обратија проф. д-р Гордана Вренцоска, декан и Петар Новковски, член на Студентското собрание на Факултет за арт и дизајн како претставник на студентите.

На настанот беше доделена Благодарница за соработка на Виолета Крстиќ од Галерија КО-РА, при Домот на култура „Кочо Рацин“ од Скопје.

Изложбата беше најавена на социјалните мрежи на Европски универзитет Скопје и во весникот Вечер, а беа испратени и емаил пораки. По отворањето на изложбата беа објавени написи во Вечер и Fashionel.mk, а беше објавен и фото албум на Фејсбук страната на Европски универзитет Скопје.

**Тим за реализација на проектот:**

Раководител: проф. д-р Гордана Вренцоска, Декан;

Координатори: проф. д-р Гордана Вренцоска; проф. д-р Јана Манева – Чупоска; проф. м-р Благојче Наумоски; проф. д-р Зоран Ѓурески; проф. д-р Маја Ѓуреска; доц. м-р Никола Узуновски; доц. м-р Страхил Петровски; асс. м-р Душица Симовска; асс. м-р

Даниела Димитровска; уметнички соработник Елена Макаровска и демонстратор Ветон Арифи.

Техничко лице: Гордана Божиновска.

Техничка поддршка: Александар Трпчевски и Милчо Велков.

Медиумска поддршка: Андреја Андреев. Графички дизајн: Катедра за графички дизајн.

Идејно решение на плакат: Виктор Трајковски, студент од 1 година.

Учесници: студенти од прв и втор циклус од Факултетот за арт и дизајн.








**ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН НА GRADUATION FASHION SHOW** (25 јуни 2022 година)

На 25 јуни во Градскиот парк во Скопје се одржа првиот Graduation Fashion Show со наслов „Discover who’s next”, кое во организација на Моден викенд Скопје ги обедини на едно место факултетите и академиите на кои се изучува модниот дизајн кај нас.

Јубилејното 25-то издание на Моден викенд Скопје овојпат беше посветено на младите таленти кои ги прават првите чекори во презентирањето пред јавноста.

Настанот го проследија професори, модни новинари и поканети гости, а меѓу нив и заменик-амбасадорката од Британската амбасада Џулија Смит, која со голем интерес ги

следеше сите презентирани модни изгледи. На модната ревија со свои колекции се претставија студентите: Меланија Георгиевска, Стефанија Станковска, Стефанија Фидановска, Ивона Пановска, Артина Домазет, Фазиле Халили и дипломецот Ѓоре Петрушев. Концептите беа работени под менторство на проф. д-р Јана Манева - Чупоска и проф. м-р Маја Ѓуреска, во рамки на предметите Колекција 2, Моден дизајн 2 и Моделирање и кроење. Ѓоре Петрушев се претстави со прва самостојна колекција. Во реализацијата на оваа активност помогнаа асс. м-р Даниела Димитровска, техничко лице Гордана Божиновска и деканот проф. д-р Гордана Вренцоска во делот на организациските подготовки и медиумската покриеност.



## 6. ПРАКТИЧНА РАБОТА НА СТУДЕНТИТЕ

### ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

Врската меѓу теоретските познавања и практиката повеќе години се воспоставува преку Центарот за кариера кој им обезбедува практична работа на студентите во реномирани компании и институции. Исто така, студентите, преку клиничката настава, имаат можност директно да добијат информации од познати и признати експерти од областа.

Во продолжение следува Извештајот за практичната работа на студентите и активностите на Центарот за кариера за академската 2021/2022 година, подготвен од Лектор м-р Марија Драговиќ.

### ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРАКТИЧНАТА РАБОТА НА СТУДЕНТИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2021 / 2022 ГОДИНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ ВО СОСТАВ НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Согласно најновите законски решенија за задолжителна едномесечна практика на студентите и согласно интерните акти на нашиот универзитет, а воедно поаѓајќи од оправданоста и корисноста од обавување на практична работа на студентите, во почетокот на септември 2021 година, преку Центарот за кариера беа испратени писма до околу 50 компании, финансиски институции, министерства, државни установи и приватни компании. Најчесто практикуван облик на комуникација со компаниите и организациите беше доставувањето на писма, телефонски и електронски комуникации, посета на некои од овие организации и други форми на соработка и комуникација.

Контактираните институции беа запознаени за нашата потреба и можност од изведување на практична обука на студентите, понудени беа контакти со нашиот Факултет за економски науки и беа замолени во најкраток можен рок да одговорат за нашата понуда и молба и да се идентификуваат организационите делови, односно лицата со кои ќе се одвива комуникацијата во текот на целата академска 2021/2022 година.

На списокот од фирми и институции се најдоа речиси сите потенцијални установи од кои нашите студенти можат содржински, регуларно и квалитетно да ја изведуваат практичната работа.

Во текот на академската 2021/2022 година, студентите покажаа висок степен на заинтересираност за изведување на практичната обука и тоа низ повеќе форми: со пријавување во центарот за кариера, со самоиницијативност за наоѓање на институции во кои би ја изведувале практичната работа, со уредно исполнување на административните работи, како што се добивањето упатница, оправдувањето за отсуството од настава и вежби, со документирање за изведената практична обука и препорака за нивно идно вработување.

Според информациите со кои располагаа студентите за изведување практична работа во текот на академска 2021/2022 година, во Центарот за кариера при Факултетот за економски науки се пријавиле (и во согласност со можностите за прифаќање од страна на компаниите и институциите, а според нивните конкретни одговори и договарање со Центарот за кариера) практична обука обавиле вкупно 30 студенти. Дел од нив веќе ги имаат доставено и изработените задачи во соодветните тетратки (упати).

Од прегледот на реализирана практична работа може да се констатира дека таа најчесто се изведувала во банки, фирми, консалтинг и маркетинг агенции, сметководствени бироа, финансиски организации, државни институции итн. Согласно пропишаната постапка за обавување на пракса, сите институции во кои студентите изведуваа практична обука на практикантите им издадоа валидни потврди за времето во кое ја изведувале практиката, што беше основа за регулирање на отсуствата на студентите од наставата и вежбите.

Особено за пофалба е да се напомене дека од ниту една институција за студентите од нашиот факлултет немаше забелешки или друг вид приговори за однесувањето на нашите студенти во однос на обврските што ги имаа во соодветните институции, ниту за односот спрема вработените и имотот на институциите. Од поголем број компании, организации и институции се искажани мошне позитивни оценки за знаењето на нашите студенти, за нивното одговорно однесување и за нивните квалитети и како идни стручњаци и како луѓе.

Треба да се напомене и дека поголем број од студентите се во редовен работен однос, па тоа е и една од причината за малиот број на практиканти. Статистички може слободно да се потенцира дека на големо задоволство, извесен број наши студенти се задржани во институциите каде што изведувале практична работа заради остварување натамошна соработка и вработување со сите пропишани законски права и обврски.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН**

Врската меѓу теоретските познавања и практиката веќе повеќе години се воспоставува преку Центарот за кариера кој им обезбедува практична работа на студентите во реномирани компании и институции. Студентите имаат можност директно да добијат информации од познати и признати експерти од областа. Ваквите форми на едукација овозможуваат стекнување на искуства надвор од задолжителната студиска програма која ја спроведува Факултетот за арт и дизајн. Во академската 2021/2022 година продоложи соработката со неколку партнери кои ги отворија вратите на нашите студенти за стажирање и стекнување на практично искуство.

Во текот на академската 2021/2022 година на Факултетот за арт и дизајн пракса посетуваа студенти од различни години, за кои веќе таа не е задолжителна. За да се избегне преклопување на праксата со посетувањето на редовната настава, најголем дел од студентите го користат летниот распуст за посетување на праксата. Фирмите во кои се спроведува праксата се дел од соработничката мрежа на факултетот како и лични контакти на студентите. Дел од фирмите во кои се реализира праксата се: Елена Лука (Скопје), Ирина Тошева (Скопје), Печатница „Ложуров" (Штип), Доган Дизајн, Деспина Мебел (Кавадарци), Мебел 2000 (Струмица), Интер Мебел (Струмица), Поинтер (Скопје), Галерија Остен (Скопје), ВИА Маркетинг (Скопје), ДЛУМ (Скопје), Академија Леонтиќ и други.

Одвивањето на студентската пракса и во оваа академска година беше проблематично заради отежнувањето на работните процеси со пандемијата Ковид-19.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

Претклиничката практична настава по стручните стоматолошки предмети, се реализира во сопствени лаборатории во кои се обезбедени сите потребни апарати и средства за моделирање со гипс и восок, средства за светлосна полимеризација, комплетен материјал и прибор за изработка на тотални акрилатни протези, комплетен материјал и прибор за изработка на дентални реставрации.

Практичната настава по претклиничките (институтски) општо медицински предмети се изведува во сопствени лаборатории опремени со потребните апарати, инструменти, материјал потребен за реализација на вежбите и бројни надгледни средства (визуелни и електронски).

# 7. КЛИНИЧКА НАСТАВА

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

Клиничката практична настава од полето на стоматологијата се изведуваа во ПЗУ-Универзитетски стоматолошки клинички центар „ПРОФ. Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ” Скопје.

Техничката опременост и ангажираноста на сите вработени на Факултетот за дентална медицина и ПЗУ-Универзитетски стоматолошки клинички центар „ПРОФ. Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ” Скопје, во потполност му овозможуваат на секој студент самостојно да ја совлада предвидената програма и да се стекне со потребните мануелни вештини, а сето тоа ќе овозможи квалитетно и ефикасно студирање што ќе доведе до продукција на квалитетни доктори по дентална медицина.



## 8. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во академската 2021/2022 година, универзитетот оствари значајна меѓународна соработка која во основа беше насочена кон привлекување на странски студенти од повеќе земји во светот.

### ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

Меѓународната соработка се одвиваше претежно со онлајн активности, преку учества на меѓународни изложби, семинари и други настани. Продолжија контактите и соработката со странските амбасади и институти во земјава. Еразмус + мобилности, заради забраните за патување во Европската унија и состојбата со Covid-19, од Факултетот за арт и дизајн не се реализираа.

Беше реализирана соработка со учество на студенти во конкурс и изложба на плакати на тема „Толеранција" во Кипар.

### ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

Факултетот за дентална медицина е во континуирана соработка со Факултетите за дентална медицина во нашата држава, а во меѓународни рамки има оставрено билатерална соработка поткрепена со соодветни договори со Факултетите за стоматологија при Бируни Унивезитетот од Истамбул-Турција, Медицинскиот Универзитет од Пловдив-Бугарија и Акдениз Универзитетот Анталија-Турција.

Во тек се разговори за реализација на соработка и со други факултети од странство: Стоматолошкиот факултет од Софија, Стоматолошкиот факултет од Белград, Стоматолошкиот факултет од Ниш, приватниот Стоматолошки факултет од Панчево и Стоматолошкиот факултет од Љубљана.

Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје има соработка и со факултети од други универзитети во Европа и преку договорите што ги има воспоставено Европски универзитет Скопје на ниво на универзитети.

Во изминатата студиска година не се остварија работни средби преку Erasmus + програмата.

Факултетот за дентална медицина во соработка со Факултетот за арт и дизајн организираа дебата на тема: „Нагласена естетика, да или не?", каде се разгледуваа медицинските и етичките аспекти на методите за разубавување во модерното време. Нешто повеќе околу овие популарни процедури за разубавување дискутираше д-р Весна Ѓорѓиеска, доктор за anti-age медицина, од естетско - медицинскиот центар Derma Bella.

Проф. д-р Енис Реџеп, специјалист по орална и максилофацијална хирургија, од Факултетот за дентална медицина, Еропски универзитет Скопје, даде еден поинаков поглед за Botox-от, кој освен за естетски зафати има широка примена и во медицински цели.

Во денешно време на доминација на социјалните мрежи, инфлуенсери и лица од светот на модата ги мотивираат и водат пошироките маси со свои ставови, промовирајќи се често низ фотографии во кои се користат фотошоп и филтери за разубавување.

Илариа Кирилов, фото моделка, инфлуенсерка и студентка на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет Скопје, сподели свои искуства во светот на модата и фотомоделството.

Доц. д-р Зоран Крстевски од Факултетот за економски науки, Европски универзитет Скопје, ги сподели своите ставови за надворешната убавина наспроти внатрешната убавина која доаѓа од внатре кај секој човек.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

Дел од наставничкиот и соработничкиот кадар учествуваше на меѓународни семинари, во повеќе различни својства. Учеството на меѓународни семинари во секој случај придонесува за етаблирање и промоција на Факултетот за правни науки и Европски универзитет Скопје во пошироки размери, како и за усовршување на наставниот и соработничкиот кадар, што во крајна линија, повторно оди во полза за самата институција, бидејќи квалитетот на кадарот е битен фактор при одлучувањето на кандидатите на кој универзитет ќе го продолжат своето образование.

# 9. ПРОМОЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

Факултетот за економски науки, заедно со другите единици во рамките на Европски универзитет Скопје користи повеќе алатки за сопствена промоција.

Еден од начините за промоција и поинтензивна размена на информации со студентите и сите заинтересирани корисници е веб страницата: eurm.edu.mk. На страницата се презентирани активностите на универзитетот и можат да се најдат информации за акредитациите на студиските програми, правилниците и законите, издадени публикации, галерии и видео презентации. Студентите, преку веб страницата можат да се запознаат со студиските програми, наставничко-соработничкиот кадар, календари и распореди за настава, вежби, колквиуми, испити. Заинтересираните студенти, вклучително и странските студенти, лесно можат да пристапат кон условите за студирање, објавените конкурси, обуките кои ги нуди универзитетот.

На социјалните мрежи, Европски универзитет Скопје е присутен на Facebook, Twitter, Youtube.

Наставничко-соработничкиот кадар на Факултетот за економски науки го претставуваше и промовираше универзитетот во средните училишта, на матурантите како целна група за запишување на факултет. Во рамките на универзитетот се формираше одделение за Маркетинг преку кое се реализираше промоцијата на Универзитетот во поголемите средни училишта во Скопје, но и во другите градови во Македонија. Учениците од средните училишта беа информирани за можностите за студирање кои ги нуди Европски универзитет Скопје, бројот на факултетите, наставните програми, годините на студирање, акредитацијата и валидноста на дипломите, центарот за кариера и можностите за вработување.

За промоција, во текот на оваа учебна година, се реализираа и промотивни корпоративни активности. Имено, промоции беа реализирани низ сите банки во општините во град Скопје, мали и големи компании, министерства, синдикати. Целната група беа заинересирани потенцијални студенти за II /втор/ циклус студии. Беа испратени и бројни електронски писма до компаниите во Република С. Македонија со презентација на условите за студирање и наставните програми.

Наставниот и соработничкиот кадар на Факултетот за економски науки редовно дистрибуираше рекламен материјал по домаќинствата и компаниите заради поголема видловост и промоција на Универзитетот.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

Промотивните активности се препознатлив начин на работа на Факултетот за арт и дизајн. Универзитетот и Факултетот за арт и дизајн беа промовирани со проектите и успесите кои се резултат на тимското работење на наставниот кадар составен од професори и асистенти. Освен проектите, тимот се вклучува и во дизајн на реклами, флаери, плакати, логоа, новогодишни честитки, активности во уписна кампања и друго.

**Дебата „Нагласена естетика, да или не?“** Медицински и етички аспекти (Среда, 1 јуни, 12.00 часот, Европски универзитет Скопје)

Дебатата беше организирана како соработка на Факултетот за дентална медицина и Факултетот за арт и дизајн. Од страна на Факултетот за арт и дизајн во организацијата беа вклучени проф. д-р Гордана Вренцоска и проф. м-р Благојче Наумоски. Учесничка од факултетот беше **Илариа Кирилов**, фотомоделка, инфлуенсерка и студентка на Факултетот за арт и дизајн, која сподели свои искуства од светот на модата и фотомоделството.




**Интервјуа во весникот Вечер**

Со свои интервјуа за проекти, изложби и работата на универзитетот, беа вклучени неколку членови од наставниот тим.

**Објави за изложби, модни ревии, други настани**

- Континуирано се подготвуваат објави за сите проекти, тековни стручно-уметнички активности, изложби, модни ревии, гостувања, кои се реализираат во текот на академската година, во Вечер и на социјалните мрежи на Европски универзитет Скопје.

**Други активности**

**Учество во хуманитарниот настан „СРЕЌА Е ДА СМЕ СИТЕ ЗАЕДНО“** (20.04.2022 година)

Од страна на Управниот одбор на универзитетот беше организирано предвелгиденско дружење посветено на децата со развојни потешкотии во амфитеатарот на Универзитетот. Студентите од втора и четврта година од Факултетот за арт и дизајн беа вклучени во работилница за креативна изработка на велигденски декорации, заедно со децата. Во реализацијата на работилницата помогнаа деканот проф. д-р Гордана Вренцоска, продеканот проф. м-р Благојче Наумоски и соработниците Елена Макаровска и Ветон Арифи. Сите учесници на работилницата добија благодарници.





**Посета на базар во Претседателската резиденција** (18 мај 2022 година)

На покана на Центарот за управување со промени, студенти и професори од Факултетот за арт и дизајн заедно со Ректорот и Управниот одбор на Европски универзитет Скопје на 18 мај 2022 година, го посетија базарот на жените занаетчии, кој под покровителство на кабинетот се реализира во резиденцијата на Претседателот на Р.С. Македонија. На настанот се изложени производи на триесет жени претприемачки од занаетчискиот сектор кои ги оживуваат традициите низ современиот дизајн. Нашите студенти имаа можност да се запознаат со вештините и техниките кои се применуваат во креирањето на уникатните производи, и да се инспирираат за понатамошни проекти и соработки.




## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА

Промоцијата како активност е препознатлив начин на работа на Факултетот за детективи и криминалистика во една академска година. Универзитетот и факултетот беа целосно промовирани со многубројните активности кои се резултат на тимското работење на наставниот и соработничкиот кадар. Проектите, како што се семинари и работилници се во функција на промотивни кампањи за универзитетот.

Наставниот и соработничкиот кадар на факултетот беше активно вклучен во реализација на стратегијата на Европски универзитет Скопје за промоција, при што се посетија средни училишта во Град Скопје, дел од внатрешноста на државата, како и бројни министерства, правни лица и компании.

Поради ваквиот начин на промоција со сите претходнонаведени форми на презентација, Факултетот за детективи и криминалистика го градеше својот позитивен имиџ и стана препознатлив во јавноста.

## 10. АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СОРАБОТНИЦИТЕ

Активностите на наставничкиот и соработничкиот кадар на универзитетот се одвиваа во согласност со студиските програми, обврските кои произлегуваат од нив и одлуките на надлежните органи во рамките на универзитетот (Универзитетски сенат, Ректорска управа и Наставно-научните совети на факултетите).

Во изведувањето на наставата дел од наставниците покриваа настава на други факултети во рамките на универзитетот.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН**

Главната активност на наставниците и соработниците во текот на академската 2021-2022 година беше поврзана со реализација на наставата. Наставата е организирана со изведување на предавања и вежби по соодветните предметни содржини, а полагањата на студентите се организирани преку два колоквиума во зимскиот семестар и два колоквиума во летниот семестар. Во текот на академската година се реализираат вкупно четири колоквиума. На тој начин, наставната материја се презентира во етапи и така се прифаќа од страна на студентите, со што се нагласува етапното совладување на проблематиката по секој предмет одделно. Се спроведуваат и испитните сесии во текот на целата академска година, а значаен дел од работата се и менторствата за дипломски и магистерски трудови.

Исто така, наставниот кадар на Факултетот за арт и дизајн, покрај обврските кон наставата и вон-наставните активности се ориентира и кон научно-истражувачките сфери, стручно-уметничките проекти на факултетот, индивидуалното творештво презентирајќи се со самостојни и групни изложби, учество во ликовни колонии, проекти поврзани со дизајнот, надворешни предавања, семинари, неформално образование и сл. Со ваквиот начин на делување на наставниот кадар на Факултетот за арт и дизајн се потврдува нивниот професионалнен рејтинг во практиката на професијата и одговорното потврдување како професори и соработници со препознатлив уметничко-дизајнерски идентитет.

**РЕД. ПРОФ. Д-Р ЈАНА МАНЕВА - ЧУПОСКА**

1. **НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Предмети Прв циклус:**
Цртање, Техники на цртање, Сликање, Техники на сликање, Модна илустрација, Дизајн анализа, Колекција 2, Моден дизајн 2.
**Втор циклус:** Моден дизајн Б.

**Менторства (дипломски /магистерски)**
Ментор на повеќе дипломски трудови од насоката за моден дизајн. Ментор на магистерскиот труд на студентката Данијела Савиќ.

**Годишна изложба на ФАД**
Учество во организација на Годишната изложба „Имагинариум“ со претставување на делата на студентите по сите предмети, Простории на Европски универзитет.

**Проекти на ФАД**
- Менторство на студентите од насоката моден дизајн од ФАД при ЕУ на отворен повик наменет до сите млади креатори во организација на „Media Broadcasting" Скопје на тема: *„Креација инспирирана од мкедонската народна носија".*
- Организација на самостојната изложба на студентката Вероника Љоровска „Мојот свет во боја" во Галерија КО-РА.
- Организација и менторство на студенти за учество во Младински пролетен салон, со дела од предметите Цртање и Сликање.

## 2. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

Учество на меѓународната конференција во организација на Европски универзитет Скопје соликовно дело „Љубовници во пандемија".
Учество на меѓународна конференција „Конфликти и војни влијанија врз уметноста и дизајнот" Факултет за Дизајн во Херсон Украина.

## 3. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Учество на изложбите на ДЛУМ - Годишна изложба и зимски салон.
Пишани рецензии, интервјуа, гостин во повеќе медиумски гостувања. Објавени повеќе интервјуа во весникот Вечер, поврзани со работата на Факултетот, како и за самостојните уметнички активности.
- Гостувања на национални телевизии.

## 4. РАБОТА ВО ЗДРУЖЕНИЈА ОД СТРУКАТА

Избрана за Претседател на Друштвото на ликовни уметници на Македонија.

**РЕД. ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА ВРЕНЦОСКА**

## 1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

**Предмети**
**Прв циклус:** Методологија на дизајнирање, Основи на моден дизајн, Ликовно обликување во дизајнот, Графичка илустрација, Дизајн на плакат, Визуелни комуникации, Графички дизајн 1 и Дизајн концепт.
**Втор циклус:** (4+1) Графички дизајн А, (3+2) Дизајн концепт.

**Менторства (дипломски /магистерски)**
Дипломски труд на Ања Никиќ, предмет Визуелни комуникации;
Дипломски труд на Мартин Карагошев, предмет Визуелни комуникации;
Дипломски труд на Драгана Бонева, предмет Визуелни комуникации;
Дипломски труд на Ангела Евремова, предмет Дизајн на плакат;
Дипломски труд на Наум Секуловски, предмет Дизајн на плакат;
Дипломски труд на Алба Стафаи, предмет Визуелни комуникации.

**Годишна изложба на ФАД 2022**
Раководител/организација на Годишната изложба на ФАД, претставување на делата на студентите по сите предмети, дела од проекти и конкурси, координирање на поставката, подготовка на медиумски известувања, праќање покани.
Селекција на дела од сите доверени предмети.

**„15 години ФАД“ Јубилејно видео**
Подготовка на јубилејно видео објавено во декември 2021. Администрирање на обврските и комуникација со Министерство за култура, подготовка на финална документација и извештај за реализација.

**Промотивни и други активности на ЕУ-СК**
- Дизајн на корицаза меѓународно научно списание „ИДЕЈА“ бр. 9, 10 и 11.
- Подготовка на промотивни материјали за уписна кампања.
- Интервју во Вечер за Годишната изложба и модната ревија на студентите.
- Подготовка на медиумски објави за сите спроведени проекти, настани и достигнувања на ФАД.

**Проекти на ФАД**
- Организација на посета на изложбата на плакати за џез фестивал во МКЦ.
- Организација и менторство на студенти од графички дизајн за учество на Конкурс за дизајн на плакат „Толеранција“ во Кипар.
- Учество/помош во подготовката на самостојната изложба на студентката Вероника Љоровска.
- Организација и менторство на студенти за учество во Младински пролетен салон, со дела од предметот Ликовно обликување во дизајнот.

## 2. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ
**Учество во научни конференции**

- **Објавен труд/дело** „Рационализација на стравот од COVID-19“ во меѓународното списание ИДЕЈА бр. 10 од 2021.
- Присуство на меѓународната конференција во рамки на проектот P4CA(Partnership for Creative Apprenticeships) - Партнерство за креативни стажирања, во Музеј на современа уметност во Скопје, 14 јуни.
- Член на Програмскии Организациски одбор, учесник во 12-тата Меѓународна научна конференција на ЕУ-СК „Науката и уметноста во функција на одржливо општество“, септември 2022, со научен труд „Одржливост на културните традиции во 21 век: редизајн на традиционалниот галички свадбарски бајрак за родова еднаквост“.

## 3. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ
**Групни изложби**
- Учество во изложбата на 31 и 32-тата меѓународна Галичка ликовна колонија, Мала станица 2021.
- Учество во меѓународната изложба „RELATED WORDS”, CAM Contemporary Art Museum, Casoria, Италија, февруари 2022.
Учество со дело „Оживување“ во Годишната изложба на ДЛУМ, Мала станица, 2022.

**Дизајн проекти**
- Дизајн на корицаза меѓународно научно списание „ИДЕЈА“, бр 9, 10 и 11.
- Дизајн на илустрација за 12-тата Меѓународна научна конференција на ЕУ-СК „Науката и уметноста во функција на одржливо општество“.
- Дизајн на корица за учебникот „Менаџмент со трошоците во здравствените и фармацевтските организации и институции“.

**Поважни рецензии, интервјуа, медиумски гостувања**
- Повеќе интервјуа и објави во различни печатени и електронски медиуми.
- Стручен текст и говор за отворањето на самостојната изложба на Благојче Наумоски „Пукнатини/Трансформации“, МКЦ 2022.

**4. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**
Благодарница за учество во хуманитарната акција „Среќа е да сме сите заедно“.

**5. РАБОТА ВО ЗДРУЖЕНИЈА ОД СТРУКАТА**
Член на Уметничкиот совет на Друштвото на ликовни уметници на Македонија.

**ПРОФ. М-Р ЗОРАНЃУРЕСКИ**
**Одржана настава на ФАД при ЕУ-СК:**
Обврските и задолженијата на ФАД при ЕУ-СК за изминатата академска 2021/22 година подразбираа подготовка и одржување на настава по следните предмети:
**Прв циклус на студии:**
Основи на проектирање 1, Основи на проектирање 2, Проектирање на ентериер, 3Д дизајн, Индустриски дизајн 1, Ентериер дизајн 1, Ентериер дизајн 2, Илуминација на ентериер.
**Втор циклус:**
Ентериер дизајн 1, Ентериер дизајн 2, Индустриски дизајн.

**Менторства (дипломски):**
Дипломски труд на Наско Стојанов;
Дипломски труд на Марија Ифтимова.

**Годишна изложба на ФАД**
Селекција на дела од студентите по неколку предмети.

**Активности надвор од рамките на наставата:**
-Изработка на проекти за ентериери за станбени и деловни објекти
-Подготовка на елаборат за просторни услови и инвентар на Европски Универзитет – Скопје.

**ВОН. ПРОФ. М-Р. ХРИСТИЈАН САНЕВ**
1. **НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Предмети**
**Втор циклус:** Методологија на истражување.

2. **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ**

**Групни изложби**
Учество во неколку групни уметнички изложби во земјата и странство.

**Дизајн проекти**
Дизајн за промоција на производии дизајн на каталози за уметнички изложби. Дизајн на медиумски кампањи за домашни и странски клиенти.
Во рамки на агенцијата **Елемент ПР**, на работна позиција креативен директор - реализирани проекти, промоции и настани, визуелни и графички решенија на Санев за

поголемите и позначајни клиенти како: Окта, Витаминка, Филип Морис, Мериот Хотел, Дистрикт, Слога пром, Макстил, Еуроникел, Телеком, и др, Санев се јавува и како одговорен за визуелниот дел на кампањата на Данела Арсовска за градоначалник на град Скопје во 2021.
-Визуелен идентитен на туристичкиот глампинг ресорт **Abeille Maison,** во Хрватска, со кој оваа година се номинирани за награда во категоријата LODGES, CABINS & TENTED CAMPS, на престижната манифестација Ahead Europe 2022 во Лондон.

3. **РАБОТА ВО ЗДРУЖЕНИЈА ОД СТРУКАТА**

Член на Управниот одбор на Друштвото на ликовни уметници на Македонија.

**ВОН. ПРОФ. М-Р МАЈА ЃУРЕСКА**

**1.НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Предмети**

**Прв циклус:** Колекција 1; Моден дизајн 1; Дизајн проект; Индустриски дизајн 2; Моделирање и кроење; Техники на шиење.
**Втор циклус:** (3+2) Дизајн синтеза (4+1) Моден дизајн А.

**Годишна изложба на ФАД**

На годишната изложба студентите од сите три насоки на ФАД изложија трудови сработени по предметите: техники на шиење, моделирање и кроење, колекција 1, дизајн проект, индустриски дизајн 2 и моден дизајн 1.

**Проекти на ФАД**

Менторство за учество на студенти во модниот настан Graduation Fashion Show.

**Активности на Шеф на катедра**

Студентите од Факултетот за арт и дизајн, насока моден дизајн, при Европски Универзитет Скопје земаа учество во различни проекти поврзани со дизајнот и уметноста преку соработки иницирани и/или поддржани од наставниот кадар на ФАД:
05.10.2021-11.11.2021. Учество студентите од насоката моден дизајн од ФАД при ЕУ Скопје на отворен повик наменет до сите млади креатори во организација на „Media Broadcasting" Скопје на тема: *„Креација инспирирана од македонската народна носија".*
Учество на студенти во модниот настан Graduation Fashion Show, кој се одржа на 25 јуни 2022 во Градскиот парк во Скопје.

**3.СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ**

Основање на модна марка за изработка на детска облека Milk (@milkkidsclothes)
Костимографија за краткометражен филм „The Script" во режија на Александра Кардалевска.
Костимографија за танц за повеќе танчерски студија (Dancers United, Eat the Beat, Brake a Leg и др).

**ПРОФ. М-Р БЛАГОЈЧЕ НАУМОСКИ**

## 1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

**Предмети**

**Прв циклус:** Компјутерско дизајнирање, Основи на графички дизајн, Основи на типографија, Моделирање, Традиција и дизајн, Сценографија, Современ дизајн, Графички дизајн 2.

**Втор циклус:** (3+2) Сценографија.

**Посета на изложби**

Посета на изложбата „Компликувај едноставно" во МКЦ, посета на изложби во Национална Галерија на Македонија – објект Чифте Амам.

**Годишна изложба на ФАД**

Селекција и координирање на поставка на дела од студентите по предметите: Моделирање, Традиција и дизајн, Сценографија, Современ дизајн, Основи на графички дизајн, Основи на типографија, Графички дизајн 2 и Компјутерско дизајнирање.

## 2. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

**Самостојни изложби**

„ПУКНАТИНИ / ТРАНСФОМАЦИИ'' – Младински Културен Центар (МКЦ) – Скопје 2022 год.

**Групни изложби**

„VORTEX'', Галерија КО-РА – Скопје 2021.

**Резиденции и ликовни колонии**

Ликовна колонија ДРЕН, НУЦК „Марко Цепенков'' – Прилеп 2022 год.

**Поважни рецензии, интервјуа, медиумски гостувања**

Медиумско гостување за самостојната изложба „ПУКНАТИНИ / ТРАНСФОРМАЦИИ'' во „Магазин'' на ТВ ТЕЛМА 2022 год.

Интервју за Слободен Печат „ Промена на светотво кој живееме'' 2022 год

Интервју за Вечер „Пукнатини / Трансформации'' – открива цел нов свет што се крие околу нас – 2022 год.

## 3. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Благодарница за учество во работилницата на хуманитарниот настан „Среќа е да сме сите заедно", Европски универзитет Скопје.

**ВОН. ПРОФ. Д-Р ИВАНКА АПОСТОЛОВА**

## 1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

**Предмети (прв, втор циклус)**

- Историја на уметност
- Историја на дизајн
- Современа уметност

**Гостувања на стручни лица**

-Работилница за дигитални изложби, видео театарски проекти, дигитално и аналогно кураторство, во соработка со кустос и сликар Шкипе Мехмети – НУ Национална галерија-Скопје

## 2. НАУЧНО-СТРУЧНИ ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

Објавени книги/е-книги:

еКниги (преведувач, уредник, дизајнер), 2021/2022:

- еДрама (уредник) – Како зрно песок (Come un granello di sabbia-social theater/social drama) play by Massimo Barilla and Salvatore Arena, Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA, ISBN 978-608-4912-99-6 (Macedonian version).
- еДрами (уредник/дизајнер) е-Антологија *Јас не сум мртов, болен и славен* (Macedonian Contemporary Plays 2010-2022); Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA, **(COMING SOON),** (Macedonian original).
- еДрами (преведувач/ уредник/дизајнер): *4 Драми на Симона Семенич* Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA, **(COMING SOON),** (Macedonian version).
- еДрами (преведувач/ уредник/дизајнер): *3 Драми на Филип Грујиќ* ; Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA, ISBN 978-608-4912-94-1 (Macedonian version).
- еПоезија(уредник/дизајнер): *Смртта на мадам Дупин на Катарина Сариќ*, Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA, ISBN 978-608-4912-95-8 (Macedonian version).
- еДрама (уредник/дизајнер): *Матер Медеа на Фабио Толеди*, Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA, ISBN 978-608-4912-96-5(Macedonian version).
- еДрама (уредник/дизајнер): *BIO CLOCK* на Ева Камчевска, Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA, ISBN 978-608-4912-98-9 (English version).
- еДрама (уредник/дизајнер): *Рокеришта на Сашо Блажески*, Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA, ISBN 978-608-4912-97-2 (Macedonian original).

Книги (преведувач), 2021/2022:

**-2021**

(Декември) Македонски превод на детска сликовница Фискултурецот Николај крадецот го збрка на Клариса Јовановиќ, издавач Сказнувалка, Скопје.

**Објавени научни и стручни трудови**

Научни:

**2022 – Amfiteater** *(Contemporary Drama after the Year 2000), Journal of Performing Arts Theory, Vol.10/No.1, 2022, AGRFT, Ljubljana, Slovenia (Editor: Gasper Troha) – (Researching Essay:* Theatre Control Policy or Why After Goran Stefanovski and Dejan Dukovski, No One is Known Outside the Borders of the Macedonian Theatre?) .

***2021 - Studia Teatralne Europy Środkowo-Wschodniej****, 2021 vol. 2, editor: Andrei Moskwin, Scientific Journal, Warsaw, Poland. (Researching Essay:* An essayistic mapping on the situation with contemporary dramatic art in R.N. Macedonia (2010–2020).

**Учество во меѓународни научни конференции, фестивали, симпозиуми ...**

(2022, 29 September), Presenter (*Programming Theatre Center*), ENICPA, Performing Arts Hub, Oslo, Norway (on-line participation).

(2022, 28-30 September), Participant, Training/Workshops: *Partnership for Donation* - Veles, KONEKT; USAID, R.Macedonia.
(2022, 15-20 August), Participant (translator) , 12. International Seminar for Slovenian Literary Translation, Ljubljana, Maribor, ZKPS, JAK Slovenia.
(2022, 1-29 August), Participant, International Translators Residency: Sovretov Kabinet, Dol pri Hrastniku; ZKPS, City of Hrastnik, Slovenia.
(2022, 8 July), Participant, Metalogues 2022 (*Empowering cultural XR collaborations*), Goethe Institute Thessaloniki (on-line edition).
(2022, 29 June), Presenter (*Presenting the Program of Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA*), Regional Symposium: *Jubilee – 400 years Moliere,* International University Prima, Skopje, R.N. Macedonia.
(2022, 27 May), Presenter (*Presenting Experimental Video Theatre Projects and the Theatre Tourism Methodology*), National Symposium: *Traveling Theatres Once and Now,* NU Centar na Kulturata ``Aco Sopov``/National Theatre Stip, Stip, R.N. Macedonia.
(2022, 19/20 May), Presenter (***Low budget experiments – creating video theatre projects*), **Contemporary Freedom and the New Crisis of Theatre Between Ideological Extremism and the ‘Cancel Culture`, International Conference, organized by NOVÁ DRÁMA/NEW DRAMA Festival 2022, Bratislava, Slovakia (on-line).
(2022, 24 April), Presenter (*Escapism from the untouchable mainstream:*
*Creating Video Theater Projects: From Dispersive Dramatics to The PCR Song*) at THE 4TH MEETING: The space for a dramatic Eutopia or the circle in expansion, organized by Compagnia Teatrale - Instabili Vaganti, Rome, Italy; La Mama Umbria, Italy (on-line).
(2022, January/February), Participant, *Western Balkans Creative Producers Program* 2022; British Council, Foundation Western Balkan (on-line digital edition).
(2021, 3/4 December), Participant, Project: *ITI Academy*, organized by German ITI Center, Berlin, Germany. (on-line digital edition)
(2021, 17/19 November), Presenter, *Dispersive Dramatics: Drama in Movement-Creating Video Theater Projects*, International Conference: Creativity and Innovations in Theatre, Media and CulturalProduction: Visions and Valuesfor the Future, organizers: FDU - Belgrade, Serbia. (on-line digital edition)
(2021, 7-8 October), Presenter, *Theatrical Control Policy or Why, After Goran Stefanovski and Dejan Dukovski, No One is Known Outside the Borders of the Macedonian Theatre?,* International Symposium: Shifts in contemporary drama after the year 2000, organizers: Amfiteater/AGRFT and SLOGI/Slovenian theater institute, Ljubljana, Slovenia. (on-line edition)
(2021, 25 September), Lecturer, *Creating Video Theater Projects*, organizers: Georgian ITI Center, Open Space Project, Georgia. (on-line edition)
(2021, 24 September), Presenter (Scientific Essay: *Krizata ne moze da ja stigmatizira umetnosta ili kreativniot razvoj na programata na Makedonskiot centar ITI/PRODUKCIJA*).

## 3. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

**Групни изложби**

- Како авторка: *Цртање приказни*, 7-16.06.2022 (дигитален стрип – изложба во изложба), МКЦ, Скопје, јуни, 2022 (организатор: Ѓорѓе Јовановиќ).
- Дигитален куратор Иванка Апостолова - Дигитална изложба: *Матер Медеа* на Фабио Толеди, театарски илустрации на Снежана Давидковска.

- Дигитален куратор Иванка Апостолова - Дигитална изложба: *Смртта на госпоѓа Дупин* на Катарина Сариќ, театарски илустрации на Ивана Кунгуловска.
- Дигитален куратор Иванка Апостолова - Дигитална изложба: *Три драми (Таму каде што пеат; Не пред 16.30ч ниту по 17ч; Ибен Бејерс)* на Филип Грујиќ, театарски фото-илустрации на Ѓорѓи Крстевски.

**Фестивали**

-2021/2022, официјална селекција на 30 театарски и филмски фестивали за независен арт хаус филм во Македонија, Европа, САД, Азија, Африка.

**Резиденции и меѓународни семинари**

-Август 2022 (1-30), Меѓународна резиденција за преведувачи Совретов Кабинет, Дол при Храстнику, Општина Храстник, Р. Словенија.
-Август 2022 (15-21), Меѓународен семинар за преведувачи, Љубљана, Марибор; ЗСКП, ЈАК Словенија.

**Поважни рецензии, интервјуа, медиумски гостувања**

-Text: A review of our short experimental video theatre project Destination: Skopje-Gabrovo by Mr. David Finkelstein - ``*Boozy Revelations: Destination Skopje-Gabrovo*`` for Lake Ivan Film Journal, USA - https://lakeivan.substack.com/p/boozy-revelations-destination-skopje (2022).

**2022**

(October) Interview with Ivanka Apostolova Baskar »Sem avanturistka in hazarderka, a samo v umetnosti, kulturi in prevajanju.« by Iztok Ilc for LUD Litreatura, Ljubljana Slovenia. https://www.ludliteratura.si/intervju/sem-avanturistka-in-hazarderka-a-samo-v-umetnosti-kulturi-in-prevajanju/?fbclid=IwAR2jYgkXP9ChgQULYbb2J-sQ46EZ6dyQfKxxkVMm0z03_XZvaGvFK6qto8s
(September) Interview (*Titulata EPK/ECOC e trajna investicija za vitalnosta na gradot*) with Ivanka Apostolova Baskar for Magazine: Skopje Kult, no.4, journalist: Vesna Damchevska. https://issuu.com/.../skopjekult_oktomvri-noemvri_2022_issuu;
https://online.fliphtml5.com/ldesr/tidl/
(March) Conversation with Ivanka Apostolova Baskar for Magazine: Sloboden Pecat with journalist Elena Pavlovska (27.03.2022).
(March) Conversation with Ivanka Apostolova Baskar at Slobodna TV.MK about Cultural policy in the domestic theaters, journalist Alexandra Bubevska (24.03.2022).

**2021**

(November), Interview (Klucnata rabota e odnosot kon detalite/08.11.2021), journalist: Angela Boskoska, Meta.mk., Skopje, Macedonia. https://bit.ly/3nP7hVy
(September), About Ivanka Apostolova, Creative Forum: Ljubljana sous le signe de la créativité, journalist: Nadia Dejoui, L`Economist Maghrebin,Tunisia. https://www.leconomistemaghrebin.com/2021/09/18/creative-forum-ljubljana-sous-le-signe-de-la-creativite/

## 4. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

- 27 меѓународни награди за најдобри 2021/2022: кратки експериментални филмови, женски режисер, најдобра машка и женска улога, најдобар продуцент (1.Дестинација: Скопје-Габрово; 2.THE PCR SONG), на Независни фестивали за филм во Европа, САД, Азија (секција арт хаус и експериемнтален филм).

5. **РАБОТА ВО ЗДРУЖЕНИЈА ОД СТРУКАТА**

- Раководител/програмски продуцент на Здружение на уметници ИТИ/ПРОДУКЦИЈА.
- Самовработена во култура Т.П. АПОСТОЛОВА БАСКАР.
- Член на МАТА (Асоцијација на преведувачи, толкувачи на Р. Македонија), ИКОМОС (Македонска секција – Заштита на културно, природно, индустриско наследство), АИКА (Македонска секција на ликовни критичари, историчари на уметност, куратори, кустоси), МЕД (Македонска асоцијација на еколози), ИТИ УНЕСКО (Меѓународна мрежа за театар, опера, танц, перформанс - Претседател на институционален член - Национален ИТИ центар – НВО), ЕНИЦПА (Европска асоцијација на театарска аналогна и дигитална документација и архивистика - Претседател на институционален член - Национален ИТИ центар – НВО).

**ДОЦ. М-Р НИКОЛА УЗУНОВСКИ**

1. **НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Предмети**

Прв циклус: Мултимедија, Мултимедија 1, Дизајн на ентериер,
Ентериер дизајн 2 Вежби, Основи на проектирање 2 Вежби, Ентериер дизајн 1 Вежби, Основи на проектирање 1 Вежби, Проектирање на ентериер Вежби.

**Годишна изложба на ФАД**

-Учество во селекцијата и подготовката на изложбата на ФАД за академската 2021-2022 година

2. **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ**

Серија предавања „МСУ Школо“ Музеј на современа уметност, Скопје, Македонија

- Дефиниција на уметност;
- Прелет низ времето;
- Уметноста во 20-тиот век;
- Преминот меѓу 20 тиот и 21-виот век;
- Уметноста во 21-от век;
- Уметноста денес;
- Современата уметност на Балканот;
- Уметноста во Македонија;
- Системите на продукција на уметност во 21-виот век.

**Работилници**

- Оддржливи заедници, Музеј на современа уметност, Скопје, Македонија.

**Курирање**

- Ко-куратор на биеналето за млади уметници за 2023 година.
- Организирање на предавања во склоп на едукативната програма на музејот на современа уметност.

**Публикаци, објава на дела или текстови**

- Едукативна програма на биеналето за млади, издавач МСУ Скопје.

**Менторство во неформално образование**

-Ментор на курсот Историја и теорија на уметноста и дизајн на академиите за Визуелни уметности, графички дизајн и ентериер и продукт дизајн во школото Џолев и уметностите за учебната 2021-2022 година

**ДОЦ. М-Р СТРАХИЛ ПЕТРОВСКИ**

1. **НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Предмети (првциклус)**

Фотографија, Фотографија 1.

**Предмети (втор циклус)**

Фотографија.

**Менторства (одбранети дипломски /магистерски)**

Член на комисија за одбрана на магистерски труд на студентката Алба Стафаи.

**Посета на изложби, Гостувања на стручни лица**

Посета на значајни изложби во Музејот на Современа уметност и во Национална галерија на Македонија.

**Годишна изложба на ФАД**

Учество со дела на студентите на ФАД на Годишната изложба 2022.

2. **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ**

**Учество во научно-истражувачки проекти**

Симпозиум за конзервација и рестврација, Скопје.

**Учество во научни конференции**

Симпозиум од областа на конзервација и реставрација на слики во Национална галерија на МАкедонија објект Даут Пашин Амам.

3. **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ**

**Самостојни изложби**

"Синергија во времето" – самостојна изложба во Велес, Спомен костурница, Видео инсталација.

**Групни изложби**

Учество на групни изложби во организација на ДЛУМ и групни изложби во странство.

**Резиденции и ликовни колонии**

Ликовна колонија Тетово 2022, Ликовна колонија Сиќево, Ниш, Р. Србија.

**Поважни рецензии, интервјуа, медиумски гостувања**

Снимање на документарен филм, интервјуа во весникот ВЕЧЕР, интервју со Весна Дамчевска за СКОПЈЕ КУЛТ.

4. **НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

Гран При на овогодинешниот Зимски салон на ДЛУМ. Наградата обезбедува едномесечен престој во Градот на уметноста во Париз, преку Друштвото на ликовни уметници на МК.

**ДОЦ. М-Р ЕЛЕНА ФИЛИПОВСКА**

1. **НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Предмети**

**Прв циклус:** Дизајн на мебел

**Втор циклус:** Ентериер дизајн 3 и 4 (одржување испити).

**Годишна дигитална изложба на ФАД**

Селекција и подготовка на материјали за изложбата.

**Менторства (одбранети дипломски /магистерски)**

Член на комисија за одбрана на магистерски труд на студентката Марија Ифтимова.

**Дизајн проекти**

Проектирање и изведби на архитектонски проекти и проекти за внатрешно уредување во архитектонското студио „Студио 90“.

**ДОЦ. М-Р ДУШИЦА СИМОВСКА**

1. **НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

**Предмети (прв циклус)**

– Прв семестар ДИЗАЈН НА КНИГА

– Втор семестар ДИЗАЈН НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

**Посета на изложби, Гостувања на стручни лица**

Посета на предавање-презентација Start Up Weekend Skopje, INFOFEIT (06 – 08.05.2022) – Претвори идеја во Бизнис.

**Годишна изложба на ФАД**

Учество на годишната изложба со делата на студентите по предметните активности.

**Неформално образование – работилници и предавања**

Од 1ви Септември стартување на кампања за лансирање на Е-Продавници

Win Big at E-Commerce - Vendor

2. **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ**

**Учество во стручни конференции**

Присуство на конференција за дизајн, Women in Tech, Netaville

‘’How to implement High quality UX Design in low budget projects’’

5та Јубилејна конференција за е-трговија, Асоцијација за е-трговија на Македонија, Вендор – златен партнер, Хилтон, Скопје 11 Ноември

**Поважни рецензии, интервјуа, медиумски гостувања**

Интервју – Зошто дизајнот на Вендор е- продавниците е подобар од останатите

https://insights.vendor.com.mk/node/166

**ЕЛЕНА МАКАРОВСКА**

## 1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

**Предмети**
**Прв циклус:** Методологија на дизајнирање, Основи на моден дизајн, Дизајн проект, Современ дизајн, Дизајн анализа, Дизајн концепт, Индустриски дизајн 1 и 2, Традиција и дизајн, Дизајн анализа, Дизајн концепт, Фотографија 1.

**Годишна изложба на ФАД**
Учество во селекција и подготовка на делаза годишна изложба на ФАД по повеќе предмети.

**Проекти на ФАД**
Посета на изложби, учество и асистенција во проекти, секретар на Наставно-научниот совет на ФАД.

**Проекти на ЕУ-СК**
Учество во хуманитарната акција „Среќа е да сме сите заедно" на Европски универзитет, Скопје.

## 2. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Благодарница за учество во хуманитарната акција „Среќа е да сме сите заедно" на Европски универзитет, Скопје.

**АСС. М-Р ДАНИЕЛА ДИМИТРОВСКА**

## 1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

**Предмети (прв, втор циклус)**
**Асистент на предметите:**
Цртање, Техники на цртање, Основина моден дизајн, Сликање, Техники на сликање, Моделирање, Модна илустрација, Колекција 1, Колекција 2, Моден дизајн 1, Моден дизајн 2.

**Посета на изложби**
Посета на неколку изложби заедно со студентите.

**Годишна изложба на ФАД**
За потребите на годишната изложба „Имагинариум", подготовка на студенти, одбирање на дела по предметите Цртање, Техники на Цртање, Сликање, Техники на Сликање, Моделирање, како и асистирање на студентите при подготовка на прототипови за Моден Дизајн 2 и Колекција 2.

**Проекти на ФАД (ревии, работилници и др.)**
-Учество во подготовките за самостојната изложба на студентката Вероника Љоровска во Галерија КО-РА, Скопје.
-Учество во подготовката на студентската модна ревија Graduation Fashion Show, Градски парк Скопје.

## 2. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

**Дизајн проекти**
Моден дизајнер - тековна соработка со модна компанија во Мека, Саудиска Арабија, дизајн и изработка на продажни модели
Дизајн на креации за потребите на промотери за Whiskey Fest

## ДЕМОНСТРАТОР ВЕТОН АРИФИ

### 1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

**Предмети во Прв циклус:** Компјутерско дизајнирање, Основи на графички дизајн, Мултимедија, Основи на типографија, Дизајн на плакат, Визуелни комуникации.

**Годишна изложба на ФАД**
Учесник во селекцијата и подготовката на делата за повеќе предмети.

**Проекти на ЕУ-СК**
Учество во хуманитарната акција „Среќа е да сме сите заедно" на Европски универзитет, Скопје.

### 2. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Благодарница за учество во хуманитарната акција „Среќа е да сме сите заедно" на Европски универзитет, Скопје.

## ДЕМОНСТРАТОР АНА МИЛАНОВА

### 1. НАСТАВНИ И ВОН-НАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

**Предмети во Прв циклус:** Ликовно обликување во дизајнот, 3Д дизајн, Дизајн на печатени медиуми, Мултимедија 1.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

Во текот на академската 2021/2022 година на Факултетот за дентална медицина, наставниците и соработниците максимално и несебично се ангажираа и ја реализираа наставната програма квалитетно и максимално се потрудија да ја промовираат на високо ниво интерактивната настава, потикнувајќи ги и бодрејќи ги студентите да се вклучат во наставата со кратки предавања, изработка на стручни трудови, изработка на проектни задачи и меѓусебни дискусии кои особено се развиваа во текот на практичната настава.

Особено треба да се истакне нивниот ангажман во изборот и користење на современи нагледни средства, кои во голема мера ќе им овозможат на студентите полесно да ја совладаат наставната содржина и да ги запознаат со современите трендови во стоматологијата.

Следењето на индивидуалниот развој на студентот, комуникацијата и соработката одделно со секој студент како основна определба на едукацијата на Европски универзитет Скопје беа на задоволувачко ниво од страна на сите учесници во образовниот процес.

Во текот на академската 2021/2022 година професорите и соработниците на Факултетот за дентална медицина вложија труд да го афирмираат факултетот преку

настапи во медиумите, промотивни настапи во училиштата од средно образование, учествување на стручни собири во Републиката и странство:

1. Мирчевска Маријана. Современа ендодонција- една или повеќе посети на пациентот. Усна презентација. "Конзервативна стоматологија- тераписки можности". Меѓународен симпозиум, МСД ,16.10.2022;
2. Мирчевска Маријана. Евалуација на остаток од каналното полнење при ретретман со три различни ендодонтски системи. Усна презентација. 9-ти Меѓународен стоматолошки конгрес 15-18.09.2022, Охрид;
3. Стојановска В. Нови реставративни материјали – истражувања и пракса. Усна презентација – Пети научен конгрес, Пловдив,30.04.2022;
4. Радојкова-Николова В., Николовски Б., Поповска М., Џипунова Б., Тошевска Спасова Н., Стојановска В.Остеопороза и парадонтално здравје. Конгрес на МСД со меѓународно учество, Охрид 15-18.09.2022 година;
5. Радојкова-Николова В., Николовски Б., Поповска М., Џипунова Б., Тошевска Спасова Н., Стојановска В. Ефектите на прогестеронот врз парадонталното здравје во период на менопауза. Конгрес на МСД со меѓународно учество, Охрид 15-18.09.2022.

Наставниот кадар беше активен и со работа во комисии и тела на Стоматолошката комора на Република Македонија, Македонското стоматолошко друштво, Македонско лекарско друштво и неговите здруженија, како и во работата на Комисиите во состав на Министерството за здравство.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА

Главната активност на наставниците и соработниците во текот на академската 2021/2022 година беше поврзана со реализација на наставата. Наставата е организирана со изведување на предавања и вежби по соодветните предметни содржини, а полагањата на студентите се организирани преку два колоквиуми во зимскиот семестар и два колоквиума во летниот семестар. Во текот на академската година се реализираат вкупно четири колоквиуми. На тој начин, наставната материја се презентира во етапи и така се прифаќа од страна на студентите, со што се нагласува етапното совладување на проблематиката по секој предмет одделно.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

Освен во одвивањето на наставата, наставниците и соработниците од Факултетот за правни науки беа ангажирани при подготовката на различни правни акти (статут, правилници и сл.) и во низа други активности неопходни за непречено функционирање на универзитетот како целина.

На Факултетот за правни науки во академската 2021/2022 година, немаше активни студиски програми, затоа прашањето за реализирање на настава е надминато.

Наставничкиот кадар учествуваше во спроведувањето на наставата на другите факултети при Европски универзитет Скопје, пред се на Факултет за детективи и криминалистика и Факултетот за економски науки.

Дел од наставниците на Факултетот за правни науки, а во рамките на законските стандарди беа ментори на кандидати кои подготвуваа магистерски тези.

## 11. ПОСЕБНИ АКТИВНОСТИ НА ДЕКАНИТЕ НА ФАКУЛТЕТИТЕ

### ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ

#### ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДРА СТАНКОВСКА

Реализираните активности на Деканот на Факултет за економски науки, во академската 2021/2022 година, се во согласност со програмата за работа на деканот во овој период и во согласност со одлуките на Деканската управа и Наставно-научниот совет на факултетот. Во текот на изминатата академска година, од страна на деканот на факултетот, преземени се и реализирани голем број активности со цел да се подобри позицијата на факултетот во многу сегменти. Во текот на академската 2021/2022 од страна на деканот беше подготвен Деканскиот извештај за работа на Факултетот за економски науки за академска 2021/2022 година.

Деканот на Факултет за економски науки, редовно присуствуваше на седниците на Ректорска управа и на седниците на Универзитетскиот сенат. Во својство на член на Ректорска управа на Европски универзитет Скопје, Деканот редовно ја информираше Ректорската управа за одредени прашања поврзани со функционирањето на факултетот во однос на реализирање на наставата и вон-наставни активности.

Во однос на активностите поврзани со редовно извршување на обврските од академскиот и наставничкиот кадар, Деканот на Факултет за економски науки, редовно испраќаше извештаи до Ректорот, Проректорот за настава и Управниот одбор, со што се обезбедени информации за функционирањето на факултетот: одржани предавања, вежби, отсуства од работа, дополнителни активности на кадарот. Во анализираниот период, Деканот редовно ги проверуваше и потпишуваше месечните извештаи за оддржани предавања на наставниот кадар со што се придонесува за непречено одржување на наставен процес, комуникација со студентите, одржани консултации и останати облици на соработка.

Во академска 2021/2022 година, Деканот беше наставник по 7 предмети на I /прв/ и 5 предмети на II /втор/ циклус во академската 2021/2022 година. Деканот редовно ги реализираше обврските во однос на наставната програма за своите доверени предмети преку предавања и консултации. Деканот навремено ги изготвуваше распоредите за предавања и вежби по семестри за прв и втор циклус студии, распореди за колоквиуми и за испитни сесии, како и водење на седници на Наставно-научните совети.

Во координација со правната служба, деканот ги спроведуваше одлуките донесени на Советот.

Деканот на факултетот, во согласност со Законот за високото образование, изработи Годишна програма за работа на Факултетот за економски науки за академска 2021/2022 година. Присуствуваше на настани организирани на универзитетот, како Првиот академски час, доделување на дипломи на студенти, 12-та Меѓународна научна конференција (како член на Програмскиот и Организацискиот одбор на конференцијата во септември 2022, давајќи свој придонес во тематските сегмети).

Деканот координираше со тим на 7 наставници (во редовен работен однос), 4 асистенти, 2 демостратори и 1 лектор. Во анализираниот период, вработените на факултетот, вложија професионален ангажман за непречено одвивање на наставата, за

градење на квалитетни меѓучовечки односи и подигање на интегритетот во целина. Колегиумите во текот на годината се одржуваа преку состаноци и онлајн средби.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН**

**ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА ВРЕНЦОСКА**

- **Претставник на Деканската управа во Сенатот на ЕУ-СК**

Деканот на факултетот редовно присуствуваше на седниците на Сенатот, каде ја следеше работата на сенаторите и процесот на донесување одлуки од важност за факултетот / универзитетот. Како член на работната група учествуваше во изготвувањето на Стратегијата за меѓународна соработка.

- **Член на Ректорската управа на ЕУ-СК**

Деканот на Факултетот за арт и дизајн присуствуваше на седниците на Ректорската управа во изминатата академска година, и редовно ја информираше Ректорската управа за одредени прашања кој се однесуваат на факулетот поврзано со наставата, вон-наставните активности, просторните услови, опремување на нашите простории, финансисите прашања. Исто така Деканот даваше предлози за промотивни активности, учествуваше со забелешки за правилниците и друго. Деканот имаше комуникација и координација со Ректорот проф. д-р Владо Ванковски и со Проректорката за настава проф. д-р Елизабета Стамевска, како и со Генерален секретар м-р Санела Стојаноска.

- **Месечни извештаи за број на часови**

Деканот на Факултетот за арт и дизајн подготвуваше месечни извештаи поврзани со број на одржани часови на наставниот кадар.

- **Неделни извештаи за одржана настава**

Деканот испраќаше неделни извештаи за одржана онлајн/физичка настава за сите предмети во програмата до Ректорот, Проректорот за настава и Управниот одбор, во координација со професорите.

- **Обврски со наставата**

Деканот на Факултетот во исто време е и наставник за 8 предмети во првиот циклус и 3 предмети во вториот циклус, редовно ги извршува и обврските поврзани со реализација на наставната програма за своите доверени предмети преку предавања, вежби и консултации, редовно следење на условите за одржување на настава, имаше секојдневна комуникација со продеканот за настава, во врска со распоредите за колоквиуми и испитни сесии, разговор за конкретни наставни прашања и наставни планови, комуникација со носителите на трите катедри, за тековни работи поврзани со реализација на наставната програма од самите катедри. Како шеф на катедра за Графички дизајн ги координира активностите поврзани со работата на овој сегмент од факултетот.

- **Координација на тимот на ФАД**

Деканот координираше со тимот на 6 наставници (во редовен работен однос), 5 насловни професори, 2 асистенти, 2 демонстратори и 1 техничко лице. Соработка со продеканот за настава проф. м-р Благојче Наумоски на дневно ниво. Колегиумите во текот на годината се одржуваа преку состаноци и онлајн средби.

- **Водење на Наставно-научен совет на ФАД**

Деканот одржа 15 седници на Наставно-научниот совет на Факултетот, и во координација со правната служба ги спроведуваше сите одлуки донесени на Советот.

Него го сочинуваат наставниците во редовен работен однос, а присутни се и секретарот на советот и другите асистенти.

- **Комуникација со Управата на ЕУ-СК**

Деканот на Факултет за арт и дизајн одржуваше консултации со Претседателот на управниот одбор проф. д-р Елица Андреска, и со членовите на Управен одбор проф. д-р Билјана Андреска - Богдановска и проф. д-р Александра Андреска Саревска.

- **Комуникација со студентите**

Во текот на академската година континуирана и активна беше комуникацијата со студентите, во врска со прашања поврзани со наставата, со реализација на проектите, праксата, правилниците, оправдани отсуства, одредени забелешки и сугестии, разговори со родители кои се интересираат за текот студирањето, средби со потенцијални кандидати и друго. Деканот постојано преку емаил ги информираше студентите за сите активности поврзани со нивните студии, распоредите за колоквиуми и испити, гостинските предавања, проектите, конкурсите, изложбите и друго. Оваа комуникација беше особено важна и интензивна во периодот на онлајн настава. Од страна на студентите беше доставена Жалба за одредени сегменти од условите на универзитетот (технички услови, опрема, хигиена и др.), при што деканот правеше напори да се обезбедат подобри услови за студентите на ФАД.

**Годишна програма за работа на ФАД**

Во согласност со Закон за високото образование, Деканот подготви Годишна програма за работа на Факултетот за 2021/2022 година.

- **Годишен извештај за работата на ФАД 2020/21**

Во текот на академската 2021/2022 година од страна на Деканот беше подготвен Годишниот извештај за работата на ФАД во академската 2020/21 година.

- **Промоција на ФАД / Европски**

Деканот на Факултетот за арт и дизајн беше континуирано вклучена во промотивните активности, и го координираше учеството на ФАД во промоцијата на ЕУ Скопје, ангажираноста на дел на професори и асистенти во подготовка и дизајн на промотивни материјали, интервјуа со алумни, како и организација на настани.

- **Подготовка на Јубилејно видео „15 години Факултет за арт и дизајн“**

Во рамки на јубилејните активности на ФАД, со финасиска поддршка од Министерството за култура беше подготвено видео објавено на социјалните медиуми.

- **Учество во работилница за Националната рамка за квалификации**

По барање на Ректорот и Проректорот за настава, проф. д-р Гордана Вренцоска присуствуваше на работилница во Министерството за образование за Националната рамка за квалификации.

- **Организација на Годишна изложба на ФАД „Имагинариум“**

Деканот ја раководеше организацијата и поставувањето на делата на студентите на ФАД на Годишната изложба на Европски универзитет Скопје, како и промотивните активности, подготовки на настанот за отварање на изложбата, каде се обрати заедно со членот на студентското собрание Петар Новковски.

- **Организација на Дебата (заедно со Факултетот за дентална медицина)**

Деканот учествуваше во организација на Дебата „Нагласена естетика, да или не? “Медицински и етички аспекти, која се одржа на 1 јуни 2022.

- **Учество во организација на 12-тата меѓународна научна конференција**

Деканот беше член на Програмскиот и Организацискиот одбор на конференцијата во септември 2022, давајќи свој придонес во тематските сегменти, подготвката на Повикот за трудови и дела и како Графички уредник на конференцијата.

- **Меѓународна соработка**

Во текот на академската година беа направени нови контакти со професори, декани, уметници, стручњаци од областа на дизајнот, од Р.Турција, Кипар, и други земји.

- **Подготовка на материјали за веб страна и социјални медиуми**

Деканот подготвуваше материјали потребни за објавување на веб страната на ЕУ-СК, известувања, промотивни огласи и друго.

- **Присуство на настани на ЕУ-СК**

Деканот присуствуваше на настаните организирани на ЕУ-СК, како Првиот академски час, доделувањето на дипломите на студентите, Хуманитарниот настан „Среќа е да сме сите заедно“, 12-тата меѓународната научна конференција.

- **Присуство на други важни настани**

Деканот присуствуваше на отворањето на самостојната изложба на студентката Вероника Љоровска во Галерија КО-РА, како и на посетата на изложбата од страна на Претседателот Стево Пендаровски со сопругата.

- **Медиумски активности**

Деканот на ФАД во текот на годината интензивно комуницираше со службата за ПР и Маркетинг на ЕУ-СК, и подготвуваше известувања за проследување информации на ФБ, Инстаграм и веб страната.

- **Преселба на архивите на ФАД и уметничкото ателје на ФАД**

Деканот ја координираше преселбата на дела од студентите и опремата од вториот на првиот спрат на Универзитетот.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА

### ДОЦ. Д-Р АЛЕКСАНДАР НАЦЕВ

Во текот на академската 2021/2022 година, деканот на Факултетот за детективи и криминалистика, доц. д-р Александар Нацев редовно присуствуваше на одржани седници на Ректорска управа, со дневен ред определен од страна на ректорот. Имено, согласно укажаните тековни прашања поврзани со функционирањето на факултетот и пошироко, деканот учествуваше и на ad hoc состаноците со членовите на Ректорската управа (наставно-научни прашања, просторен и организационен дизајн, човечки ресурси итн.), при што партиципира со конкретни предлози поврзани со тековното работење.

Во однос на активностите поврзани со редовното извршување на обврските од академскиот, наставничкиот и соработничкиот кадар во извештајниот период редовно беа испраќани извештаи, со што се обезбеди благовремено информирање за сите детали од функционирањето на факултетот: одржани предавања, вежби, отсуства од работа

(приватни / службени), дополнителни активности на кадарот, контакти со институции, соработка и унапредување на работата.

Исто така, доц. д-р Александар Нацев, редовно ги проверуваше, контролираше и потпишуваше месечните извештаи за одржани предавања на наставниот кадар (во редовен работен однос, насловни наставници, визитинг наставници и асистенти) со што придонесуваше за непречено одржување на наставниот процес, комуникација и консултации со студенти, како и останати облици на соработка. Во текот на овој период на факултетот, се оствари вработување на еден соработник, асс. м-р Александар Трајковски во редовен работен однос со што се зајакна кадровскиот капацитет на институцијата.

Во анализираниот период вработените на факултетот вложија професионален ангажман за реализација на наставата, за градење на квалитетни меѓучовечки односи и подигнување на интегритетот во целина. Наставниот и соработничкиот кадар на Факултетот за детективи и криминалистика беше сочинет од 4-ца редовно вработени наставници, двајца редовно вработени асистенти и еден демонстратор, одреден број на визитинг и насловни наставници со кои деканот воспоставуваше успешна работна координација и комуникација. Од посебно значење претставува и комуникација, воспоставена од страна на деканот со студентите од I /прв/ и II /втор/ циклус студии, која беше редовна, конкретна, коректна, а како најчести теми беа следните: практична настава, посета на институции, консултации за полагање колоквиуми и испити и друго.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

### ДОЦ. Д-Р КАТЕРИНА ВАСИЛЕВА ГЕШОСКА

Деканот на Факултет за дентална медицина редовно присуствуваше на седниците на универзитетскиот сенат, каде ја следеше работата на сенаторите и процесот на донесување одлуки од важност за универзитетот.

Како член на Ректорска управа на Европски универзитет Скопје, Деканот на Факултетот за дентална медицина редовно присуствуваше на седниците на Ректорската управа во академска 2021/2022 година и активно учествуваше посебно во делот на активности поврзани со функционирањето на Факултет за дентална медицина.

Во однос на активностите поврзани со редовно извршување на обврските од академскиот кадар, деканот на Факултет за дентална медицина, редовно испраќаше извештаи до ректорот, проректорот за настава и управата, со што беа обезбедени информации за реализираната настава на Факултетот за дентална медицина.

Деканот на Факултет за дентална медицина одржува настава на прв и втор циклус интегрирани студии на македонски и англиски јазик за странци во академската 2021/2022 година. Исто така, оддржува и вежби односно практична настава по клинички и претклинички предмети од областа на стоматолошката протетика. Своите теоретски и практични познавања и искуства ги применува во секојдневна работа со пациенти.

Деканот го организира и надгледува, но и активно учествува во изготвувањето на распоредите за предавања и вежби по семестри за прв и втор циклус интегрирани студии, распореди за колоквиуми и за испитни сесии, како и водење на седници на Наставно-научниот совет.

Во координација со Правна служба, деканот ги спроведуваше одлуките донесени од страна на Универзитетскиот сенат.

Деканот на Факултет за дентална медицина, во согласност со Законот за високото образование, подготви Годишна програма за работа на Факултет за дентална медицина за академска 2021/2022 година.

Деканот присуствуваше на настани организирани на универзитетот, како што се: првиот академски час, доделување на дипломи на студенти, 12-та меѓународна научна конференција.

Деканот координираше активности  на 12 прфесори (во редовен работен однос), 6 професори избрани во насловно звање, 5 соработници, 2 забни техничари и демонстратори на Факултетот за дентална медицина. Во анализираниот период, вработените на Факултетот за дентална медицина, вложија професионален ангажман за непречено одвивање на наставата, за градење на квалитетни меѓучовечки односи и подигање на интегритетот во целина.

Деканот на Факултет за дентална медицина беше континуирано вклучен во промотивните активности и го координираше учеството во промоција на Европски универзитет Скопје. Остваруваше on-line средби со заинтересирани студенти за упис и трансфер од странство: Холандија, Бугарија, Словачка, при што ја анализираше наставната програма од други земји и детално ги појаснуваше условите за студирање.

Како дел од промотивните активности на факултетот се меѓународните симпозиуми кои се организираат на годишно ниво, а се акредитирани од Стоматолошката комора на Р. С. Македонија.

Во текот на академската 2022/2023 од страна на Деканот беше подготвен Деканскиот извештај за работа на Факултет за дентална медицина за академска 2021/22.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

### ПРОФ. Д-Р МАРЈАН ГАБЕРОВ

Проф. д-р Марјан Габеров редовно присуствуваше на сите седници одржани од страна на Сенатот и Ректорската управа, со што зеде активно учество во делот на активности поврзани со функционирањето на Факултет за правни науки.

Позначајни работни обврски и остварени средби на деканот на Факултетот за правни науки се следните:

- Учество на Дванаесетата меѓународна научна конференција „Науката и уметноста во функција на одржливо општество“, Европски универзитет Скопје, одржана на ден 23.09.2022 година;
- Помош при изработка на Елаборати за реакредитација на студиски програми на останатите единици во состав на универзитетот;
- Тековни активности кои произлегуваат од делокругот на надлежност на деканот.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА**

**ПРОФ. Д-Р ИГОР ЛАЗОВ**

Во текот на академската 2021/2022 година, деканот на Факултетот за информатика, проф. д-р Игор Лазов, редовно присуствуваше на седниците на Ректорската управа, како и на седниците на Универзитетскиот сенат, при тоа земајќи активно учество во делот на активностите поврзани со функционирањето на Факултетот за информатика.

Во однос на извршувањето на наставните обврски на академскиот кадар, деканот редовно испраќаше извештаи до Ректорот и Проректорот за настава, со што беа обезбедени информации за реализираната настава на Факултетот за информатика.

Во академската 2021/2022 година, Деканот одржуваше настава на I /прв/ и II /втор/ циклус на студии, спроведуваше колоквиуми и испити по предметите според студиските програми и спроведуваше научно-истражувачка дејност.

Деканот подготви годишна програма за работа на Факултетот за информатика за академската 2021/2022 година. Исто така, активно учествуваше во подготовката на распоредите за предавања и вежби по семестри, и на распоредите за колоквиуми и испити, како и во водењето на седниците на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика.

Деканот присуствуваше на првиот академски час, на доделувањето на дипломи на студентите, како и на меѓународната научна конференција која се одржува на Европски универзитет Скопје.

Деканот координираше со тим од 3 професори (во редовен работен однос), 1 насловен професор, 5 визитинг професори, 2 асистенти и 1 демонстратор. Во анализираниот период беше вложен професионален ангажман за реализација на наставата, за градење на квалитетни меѓучовечки односи, и за подигнување на интегритетот во целина.

Во академската 2021/2022 година, за Европски универзитет Скопје, деканот на Факултетот за информатика ги собра и испрати потребните податоци за рангирање на универзитетот во QS World University Rankings: EECA (Emerging Europe and Central Asia) регионот. Исто така, за универзитетот, како и за повеќе предметни области засебно, кои се застапени на универзитетот, деканот ги собра и испрати потребните податоци за рангирање на универзитетот на Round University Ranking (RUR).

## 12. РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И ФАКУЛТЕТИТЕ

### 12.1 Работни обврски на Универзитетскиот сенат во академската 2021/2022 година

Универзитетскиот сенат е орган на управување и стручен орган. Претседател на Сенатот на Европски универзитет Скопје е проф. д-р Ѓорги Сламков заклучно со ден 15.09.2022 година. Почнувајќи од 16.09.2022 година, функцијата претседател на Универзитетски сенат ја извршува проф. д-р Енис Реџеп.

Членови на Универзитетскиот сенат се:
- проф. д-р Ѓорги Сламков - Факултет за правни науки;
- проф. д-р Енис Реџеп - Факултет за дентална медицина;
- доц. д-р Ана Балазелковска - Грежловска - Факултет за дентална медицина;
- доц. д-р Зоран Крстевски - Факултет за економски науки;
- проф. м-р Маја Ѓуреска - Факултет за арт и дизајн;
- доц. м-р Никола Узуновски- Факултет за арт и дизајн;
- доц. д-р Мики Рунтев - Факултет за економски науки;
- доц. д-р Елена Соклевска Илиевски - Факултет за детективи и криминалистика.

Универзитетскиот сенат во академската 2021/2022 година, одржа вкупно 12 /дванаесет/ седници.

Точки кои се содржани во Дневен ред за работата на сенатот се следните:

1. Предлог Правилник за одземање на издадена диплома, односно стекнат стручен или научен назив, на Европски Универзитет Скопје, поднесен од страна на Ректорот проф. д-р Владо Ванковски и Проректорот за настава проф. д-р Елизабета Стамевска;
2. Предлог дополнување на Правилник за пријавување, подготовка, оценка и одбрана на магистерски труд на втор циклус студии, според ЕКТС, поднесен од страна на Ректорот проф. д-р Владо Ванковски и Проректорот за настава проф. д-р Елизабета Стамевска;
3. Потврдување на изборот на Декан на Факултетот за детективи и криминалистика, на доц. д-р Александар Нацев;
4. Предлог за избор на овластено лице за прием на пријави на корупција Бр.03-1073/1 од 08.11.2021 година, поднесен од страна на Ректорска управа на Европски универзитет Скопје;
5. Усвојување на предлог Годишен извештај за работа на универзитетот за академската 2020/2021 година, поднесен од страна на Ректорот, проф. д-р Владо Ванковски;
6. Давање мислење по годишна програма за развој на Факултетот за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје;
7. Давање мислење по годишна програма за развој на Факултетот за арт и дизајн во состав на Европски универзитет Скопје;
8. Давање мислење по годишна програма за развој на Факултетот за детективи и криминалистика во состав на Европски универзитет Скопје;
9. Давање мислење по годишна програма за развој на Факултетот за стоматологија во состав на Европски универзитет Скопје;
10. Давање мислење по годишна програма за развој на Факултетот за правни науки во состав на Европски универзитет Скопје;
11. Давање мислење по годишна програма за развој на Факултетот за информатика во состав на Европски универзитет Скопје;

12. Постапување по Мислење од Влада на Република Северна Македонија Бр.40-12461/1 од 28.12.2021 година;
13. Постапување по Барање согласност за вршење високообразовна дејност на студиска програма Казнено право на Факултетот за правни науки во состав на Меѓународниот Балкански Универзитет, втор циклус студии Бр.310.88/2021 од 27.12.2021 година, по следните предмети: „Трговија со луѓе и илегална миграција" и „Виктимологија";
14. Формирање на повремено работно тело за изработка на општ акт за уредување на работата на центарот за кариера на универзитетот;
15. Донесување на Универзитетски календар на Европски универзитет Скопје за академската 2022/2023 година;
16. Усвојување на студиска програма: „Дентална медицина" на албански јazik, интегрирани петгодишни студиина прв и втор циклус, на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје;
17. Формирање на Комисија за самоевалуација на Европски универзитет Скопје;
18. Измени и дополнувања на Правилникот за издавање на дипломи, додаток на дипломи, стекнатиот назив и други документи за завршени студии на Европски Универзитет Скопје;
19. Измени и дополнувања на Анексот на Правилникот за начинот на пријавување, спроведување и полагање на колоквиуми и испити на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски Универзитет Скопје бр.03-487/1 од 23.06.2021 година;
20. Усогласување на називот на Факултетот за дентална медицина во Правилникот за внатрешните односи и работењето на факултетите при Европски Универзитет Скопје бр.03-1209/1 од 30.12.2019 година;
21. Усвојување на студиска програма: „Бизнис менаџмент" четиригодишна студиска програма на прв циклус академски универзитетски студии на Факултетот за економски науки во состав на Европски Универзитет Скопје;
22. Усвојување на студиска програма: „Финансиско-банкарски и сметководствен менаџмент" четиригодишна студиска програма на прв циклус академски универзитетски студии на Факултетот за економски науки во состав на Европски Универзитет Скопје;
23. Усвојување на студиска програма: „Финансии" едногодишна студиска програма на втор циклус академски универзитетски студии на Факултетот за економски науки во состав на Европски Универзитет Скопје;
24. Усвојување на студиска програма: „Бизнис менаџмент" едногодишна студиска програма на втор циклус академски универзитетски студии на Факултетот за економски науки во состав на Европски Универзитет Скопје;
25. Усвојување на студиска програма: „Маркетинг" едногодишна студиска програма на втор циклус академски универзитетски студии на Факултетот за економски науки во состав на Европски Универзитет Скопје;
26. Усвојување на студиска програма: „Здравствен и фармацевтски менаџмент" едногодишна студиска програма на втор циклус академски универзитетски студии на Факултетот за економски науки во состав на Европски Универзитет Скопје;
27. Донесување на одлука за доделување на звање професор емеритус на проф. д-р Крсте Дејаноски на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, врз основа на Мислење на Ректорска управа бр.03-715/1 од 12.07.2022 година;

28. Дополнување на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии на Европски универзитет Скопје бр.03-1207/1 од 30.12.2019 година;
29. Потврдување на наставно-научно звање редовен професор, на проф. д-р Елизабета Стамевска од наставно-научна област „Менаџмент";
30. Формирање на универзитетска изборна комисија за избор на Ректор на Европски универзитет Скопје;
31. Правилник за внатрешните односи на академските органи на Европскиот Универзитет Скопје и единиците во неговиот состав;
32. Формирање на комисија за избор на Претседател на Универзитетски сенат;
33. Избор на Претседател на Универзитетски сенат.

На седниците на Универзитетскиот сенат, покрај претседателот на сенатот и сенаторите, редовно присуствуваа ректорот, проф. д-р Владо Ванковски, проректорот за настава, проф. д-р Елизабета Стамевска, деканите на факултетите, генералниот секретар и претставник од правната служба.

## 12.2 Работни обврски на Ректорската управа во академската 2021/2022 година

Ректорската управа на Европски универзитет Скопје ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите во состав на универзитетот, претседателот и членовите на Управниот одбор на универзитетот.

Ректорската управа во текот на академската 2021/2022 година одржа вкупно 14 /четиринаесет/ редовни седници.

Како точки на Дневен ред кои беа разгледани и усвоени од страна на Ректорската управа, во академската 2021/2022 година се следните:

1. Разгледување на Предлог Бр.03-888/1 од 26.10.2021 година, поднесен од страна на Генерален секретар;
2. Дискусија за Деканските извештаи за работа на единиците во состав на Европски универзитет Скопје за академската 2020/2021 година;
- Доставување на печатени Деканските извештаи заклучно со ден 08.11.2021 година (понеделник), до Ректорот, проф. д-р Владо Ванковски.
3. Дискусија за измените и дополнувањата на Правилникот за пријавување, подготовка, оценка и одбрана на магистерски труд на втор циклус студии, според ЕКТС Бр.03-1220/1 од 30.12.2019 година.
4. Одлучување по Предлог Бр.03-888/1 од 26.10.2021 година, поднесен од страна на Генерален секретар;
5. Разгледување и усвојување на начинот на одржување на наставата во зимски семестар, во академската 2021/2022 година на Европски универзитет Скопје (почнувајќи од 22.11.2021 година);
6. Определување на тема за Меѓународната научна конференција на Европски универзитет Скопје;
7. Дискусија и доставување на печатени Деканските извештаи за работа на единиците во состав на Европски универзитет Скопје за академската 2020/2021 година;
8. Доставување на списоци за потребна литература за летен семестар, за академската 2021/2022 година, од страна на сите единици во состав на Европски универзитет Скопје;
9. Дискусија за Задолженија за Ректорска управа, произлезени од одржани седници на Универзитетскиот сенат;
10. Дефинирање на тема за Дванаесеттата меѓународна научна конференција на Европски универзитет Скопје;
11. Дискусија за прославата за патронатот „Св. Никола", која ќе се одржи на ден 20.12.2021 година (понеделник);
12. Излагање на ректорот, проф. д-р Владо Ванковски, за Годишниот извештај за работењето на Универзитетот, за академската 2020/2021 година;
13. Разгледување на Известување Бр.03-1149/1 од 13.12.2021 година, поднесено од страна на деканот на Факултетот за правни науки, доц. д-р Марјан Габеров;
14. Разгледување на условите за спроведување на II /втор/ колоквиум на факултетите;
15. Предлог - распоред за дежурства за период од 17.01.2022 до 11.02.2022 година;
16. Дискусија и разгледување на Записник за извршен инспекциски надзор Бр.09-1564 од 30.12.2021 година, доставен од страна на Државен просветен инспекторат;
17. Разгледување на Одговор на барање Бр.14-814/2 од 02.02.2022 година, доставено од страна на Министерство за образование и наука, во врска со промената на називот на Факултетот за стоматологија во Факултет за дентална медицина;

18. Наставни прашања;
19. Предлози за спроведување на маркетинг кампања за уписи на Европски универзитет Скопје;
20. Дискусија за реакредитација на студиските програми на единиците во состав на Европски универзитет Скопје;
21.Конкурс за запишување на I /прв/ и II /втор/ циклус студии на Европски универзитет Скопје, во академската 2022/2023 година;
22. Формирање на Комисија за прием на студенти на I /прв/ и II /втор/ циклус студии на Европски универзитет Скопје во академската 2022/2023 година;
23. Подготовка за Самоевалуација на Европски универзитет Скопје;
24. Информација за Елаборати за реакредитација на студиски програми на единиците во состав на универзитетот и број на потребни професори по факултети;
25. Информација за Универзитетски календар на наставни активности во академската 2022/2023 година, доставен од страна на проректор за настава, проф. д-р Елизабета Стамевска;
26. Информација за Изјава за повлекување преставка, доставена од страна на студент Лазе Атанасов;
27. Уписна политика на Европски универзитет Скопје, за академската 2022/2023 година (излагање на член од Управен одбор, проф. д-р Александра Андреска-Саревска);
28. Разгледување и давање на мислење за Студиска програма Дентална медицина на албански јазик, интегрирани петгодишни студии на I /прв/ и II /втор/ циклус на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје;
29. Одржување на настава и наставни активности со физичко присуство на сите единици во состав на Европски универзитет Скопје, согласно Одлука на Влада на РСМ;
30. Постапување по Известување Бр.09-1564 од 16.03.2022 година, доставено од страна на Државен просветен инспекторат;
31. Конкурс за запишување на студиска програма „Казнено право" втор циклус на академски студии-постдипломски студии (60 ЕКТС) на Факултет за правни науки во академската 2022/2023 година;
32. Годишни одмори и распоред за дежурства за период од 18.07.2022 заклучно до 31.08.2022 година;
33. Уписна политика на Европски универзитет Скопје;
34. Усвојување на Предлог и извештај за доделување на звање професор емеритус на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, на проф. д-р Крсте Дејаноски, и давање мислење до Универзитетскиот сенат;
35. Постапување по Барање бр.03-698/1 од 04.07.2022 година, поднесено од страна на проф. д-р Марјан Габеров;
36. Доставување на списоци за потребна литература за зимски семестар, за академската 2022/2023 година, од страна на сите единици во состав на Европски универзитет Скопје;
37. Донесување одлука за распишување на јавен оглас за избор на Ректор на Европски универзитет Скопје.

**12.3 Работата на органите на единиците во состав на Европски универзитет Скопје**

Во овој дел за Работата на органите на единиците во состав на универзитетот, образложени се активностите на Наставно-научниот совет, Наставно-научниот колегиум, Деканската управа и катедрите при факултетите.

- **ФАКУЛТЕТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ**

**Наставно-научен совет**

Наставно-научниот совет во академската 2021/2022 година функционираше во следниот состав: Декан: проф. д-р Александра Станковска - редовен професор; Проректор за настава: проф. д-р Елизабета Стамевска - вонреден професор; проф. д-р Билјана Андреска Богдановска - редовен професор; проф. д-р Зоран Јолевски - вонреден професор; доц. д-р Зоран Крстевски; доц. д-р Анита Шешо и доц. д-р Мики Рунтев.

На седниците на Наставно-научниот совет редовно присуствуваа генерален секретар м-р Санела Стојаноска, правник Јасмина Дамеска, секретарот на Наставно-научниот совет асс. м-р Стефанија Симеонова. Согласно точките на Дневен ред на седниците на Наставно-научниот совет, се покануваа да учествуваат и наставниците избрани во звање - насловен доцент. Исто така, на седниците на Наставно-научниот совет присуствуваше и претставник на студентите.

Наставно-научниот совет оддржа вкупно 17 /седумнаесет/ наставно – научни седници, од 296-та седница оддржана на ден 07.10.2021 година до 312-та седница оддржана на ден 30.09 2022 година.

Најчести точки на Дневен ред беа наставните прашања, усвојување на програми за работа и распореди за предавања и вежби, усвојување на предлог студиски програми за акредитациии на I /прв/ и II /втор/ циклус студии, усвојување на барања за подготовка на учебници и учебни помагала, објавување на конкурси за избор на наставно-соработнички кадар, донесување акти потребни за функционирање на Факултетот, пријави на магистерски трудови, извештаи од барања за формирање на комисии за одбрана на магистерски трудови, усвојувања на извештаи од рецензиони комисии за одбрана на магистерски трудови. Со законската обврска од Министерството за образование и наука за проверка на магистерските трудови за плагијатизам, Извештаите за плагијатизам на магистерски трудови исто така се разгледуваат на состаноците на Наставно-научниот совет.

**Наставно-научен колегиум**

Наставно-научниот колегиум во академската 2021/2022 година функционираше во следниот состав: Раководител на Наставно-научен колегиум: доц. д-р Зоран Крстевски; Декан: проф. д-р Александра Станковска; Проректор за настава: проф. д-р Елизабета Стамевска; проф. д-р Билјана Андреска Богдановска; проф. д-р Зоран Јолевски; доц. д-р Анита Шешо и доц. д-р Мики Рунтев. Наставно-научниот колегиум се оддржува еднаш месечно, пред оддржувањето на седниците на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки.

На дневен ред на колегиумот се разгледувани пријави за изработка на магистерски трудови.

**Деканска управа**

Деканската управа се состануваше повеќе пати неделно и ги вршеше работите од своја надлежност, како ги подготвуваше и предлагаше актите и материјалите за прашања за кои одлучува Наставно-научниот совет и Деканот, за издавачката дејност на факултетот, како и други работи што беа актуелни во тековното работење на Факултетот за економски науки.

**Катедри**

Наставата се планираше во рамките на катедрите, како на додипломски, така и на последипломски студии. Во академската 2021/2022 година, функционираа следните катедри на Факултетот за економски науки: Маркетинг, Бизнис менаџмент, Финансии и Здравствен и фармацевтски менаџмент.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА АРТ И ДИЗАЈН

**Наставно –научен совет**

Наставно-научниот совет во академската 2021/2022 година функционираше во следниот состав:

Декан: проф. д-р Гордана Вренцоска; проф. д-р Јана Манева – Чупоска; проф. м-р Зоран Ѓурески; проф. м-р Маја Ѓуреска; проф. м-р Благојче Наумоски; доц. м-р Никола Узуновски. Деканот ги подготвува и свикува седниците на Наставно-научниот совет, а секретар на советот е уметнички соработник Елена Макаровска.

На состаноците редовно присуствуваа и соработниците: Елена Макаровска и асс. м-р Даниела Димитровска, без право на гласање.

Наставно-научниот совет оддржа вкупно 15 седници, од 198-та до 212-та седница. Најчести точки на Дневен ред беа наставните прашања, распореди за предавања и вежби, распореди за доверување на наставата, објавување на конкурси за избор/реизбор на професори и соработници, усвојување рецензии за избор/реизбор, усвојување на стручно-уметнички проекти и извештаи за реализација, усвојување теми и извештаи за магистерски трудови, годишни програми и извештаи и друго.

**Наставно-научен колегиум**

Наставно-научниот колегиум во академската 2021/2022 година функционираше во следниот состав: претседател: проф. д-р Гордана Вренцоска; проф. д-р Јана Манева – Чупоска; проф. м-р Зоран Ѓурески; проф. м-р Маја Ѓуреска; проф. м-р Благојче Наумоски.

Во академската 2021/22 година се одржаа наставно-научни колегиуми каде се разгледуваа пријави за изработка на магистерски трудови.

**Деканска управа**

Главниот ангажман на деканската управа беше посветен на координирање на наставните активости, подготовка на материјали, наставно-научни совети, правилници, одговори на одредени барања поврзани со административното работење, работа со студенти и странки, средби со заинтересирани студенти за упис, координирање на активности околу стручно-уметничките проекти.

И во оваа академска година значаен дел од активностите на деканската управа беа посветени на координирањето на наставните активности онлајн и координирање на процесите за реализација на предвидените вон-наставни активности.

**Катедри**

Наставата и особено вон-наставните активности се планираат во рамките на катедрите, како на додипломски, така и на последипломски студии.

Во прилог се информации поврзани со работата на катедрите за графички, моден и дизајн на ентериер.

- **КАТЕДРА ЗА ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН**

**Шеф на катедра:** проф. д-р Гордана Вренцоска.

Во академската 2021/2022 година основна задача на работата на оваа катедра беше реализацијата на наставата и исполнување на обврските зададени со наставните програми, помош при студентска практика и друго. Наставата се одвиваше со одржување на предавања и вежби по предметите утврдени со акредитираната наставна програма од I /прв/ и II /втор/ циклус на студии.

Катедрата за графички дизајн ја сочинуваа:

1. Проф. д-р Гордана Вренцоска;
2. Проф. м-р Христијан Санев;
3. Проф. м-р Благојче Наумоски;
4. Доц. м-р Никола Узуновски;
5. Демонстратор Ветон Арифи, студент на II /втор/ циклус студии;
6. Демонстратор Ана Миланова, студент на II /втор/ циклус студии.

Акцентот на изведувањето на наставата е од практичен карактер, со што поголем контакт со реалниот свет и потребите на пазарот и општеството. Студентите активно учествуваа и во проекти: изложби, биеналиња и конкурси за дизајн, каде постигнаа одлични резултати. Треба да се спомене учеството на студентите во:

- Конкурсот за дизајн на плакат „Толеранција“ во Кипар;
- Учество во Младински пролетен салон, Мала станица;
- Годишната изложба на студентите „Имагинариум“. Студентот Виктор Трајковски од модулот за графички дизајн го изработи плакатот за изложбата.

**Годишна изложба на Факултет за арт и дизајн:**

Катедрата зеде активно учество во Годишната изложба на студентите „Имагинариум“, каде беа презентирани бројни трудови на студентите од тековната студентска година, трудови на дипломираните студенти по графички дизајн и трудови од проектите и конкурсите. Студентот Виктор Трајковски од модулот за графички дизајн го изработи плакатот за изложбата.

**КАТЕДРА ЗА ДИЗАЈН НА ЕНТЕРИЕР**

**Шеф на катедра:** проф. м-р Зоран Ѓуревски.

Реализацијата на наставата беше главната активност на наставниците и соработниците во текот на академската 2021/2022 година. Наставата е организирана со изведување на предавања и вежби по соодветните предметни содржини и секоја седма недела се организира колоквиум.

На Катедрата за ентериер на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет Скопје, настава држеа:

1. Проф. м-р Зоран Ѓурески;
2. Доц. м-р Елена Филиповска;
3. Доц. м-р Никола Узуновски;
4. Ана Миланова.

**Проекти на ФАД**

Учество во Младински пролетен салон, Мала станица.

**Годишна изложба на ФАД:**

Катедрата зеде учество во Годишната изложба на студентите „Имагинариум", каде беа презентирани трудови на студентите од тековната студентска година.

**КАТЕДРА ЗА МОДЕН ДИЗАЈН**

**Шеф на катедра:** проф. м-р Маја Ѓуреска

Катедрата за моден дизајн се состои од професори и асистенти кој ја реализираат наставната програма со изборни предмети. Наставата се одвива според предходно утврдени наставни програми. Катердрата за моден дизајн настојува да врши и одредени програмски промени во однос на наставните програми се со цел да се постигне поголема активност и резултат од страна на студентот. Вежбите се одвиваат во кабинетот за моден дизајн кој воедно се користи и како техничка лабораторија која е составена од повеќе индустриски машини за шиење, маси за моделирање и кроење, машина за везење, преси за пеглање, каде се овозможува работа на студентите во професионални услови за техничка реализација. Преку целиот наставен процес студентите се подготвуваат за практична реализација и запознавање со модниот дизајн и неговата функција.

Во текот на академската година беше извршен сервис на целокупната техничка опрема во кабинетот за моден дизајн.

На катедрата за моден дизајн за академската 2021/2022 година професори и соработници беа:

1. Проф. д -р Јана Манева- Чупоска;
2. Проф. д-р Гордана Вренцоска;
3. Проф. м-р Маја Ѓуреска;
4. Асс. м-р Даниела Димитровска;
5. Техничко лице – Гордана Божиновска.

Покрај редовните обврски за реализација на наставата и одржување на вежби во склоп на наставата, катедрата за моден дизајн во текот на академската 2021/2022 година учествуваше во проекти поврзани со модниот дизајн, со учество на Скопскиот моден викенд, како и пракса во компании како Кокев, Елена Лука, Академија Леонтиќ и др.

Со ваквите практични искуства студентите ја добиваат големо практично искуство кое е од голема важност за самите нив. Тие истовремено креираат и свое сопствено студентско портфолио кое ќе им биде многу потребно по завршувањето на студиите на Факултетот за арт и дизајн.

**Проекти на Факултет за арт и дизајн**

- 05.10.2021-11.11.2021. Учество студентите од насоката моден дизајн од ФАД на отворен повик наменет до сите млади креатори во организација на „Media Broadcasting" Скопје на тема: *„Креација инспирирана од македонската народна носија".*

- Учество на студенти во модниот настан Graduation Fashion Show, кој се одржа на 25 јуни 2022 во Градскиот парк во Скопје.

**Годишна изложба на Факултет за арт и дизајн:**

Катедрата зеде активно учество во Годишната изложба на студентите „Имагинариум", каде беа презентирани бројни трудови на студентите од тековната студентска година, во форма на илустрации, концепти, букови и прототипови на модели кои беа изложени на креативен начин.

**Дополнителни/промотивни активности:**

- Учество во Хуманитарниот настан „Среќа е да сме сите заедно";
- Учество на студентката Илариа Кирилов во Дебата „Нагласена естетика, да или не? "Медицински и етички аспекти, која се одржа на 1 јуни 2022;
- Изработка на студентски капи за промоција на дипломи за прв и втор циклус во реализација на техничко лице Гордана Божиновска.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА

**Наставно-научен совет**

Наставно - научниот совет во академската 2021/2022 година, го сочинуваа:

Ректор: проф. д-р Владо Ванковски - редовен професор; Декан: доц. д-р Катерина Василева Гешоска; проф. д-р Маја Поп Стефанова – Трпоска - вонреден професор; проф. д-р Вера Стојановска - вонреден професор; проф. д-р Енис Реџеп- редовен професор; доц. д-р Емилија Костадиновска; доц. д-р Маријана Мирческа; доц. д-р Снежана Димитровска; доц. д-р Соња Вујасин; доц. д-р Ана Белазелковска Грежловска; доц. д-р Снежана Ивиќ Колевска и доц. д-р Мимоза Стаменковска.

Наставно-научниот совет во 2021/2022 година одржа 16 /шеснаесет/ седници, од кои поголемиот дел беа за избор на наставници и соработници и донесување на акти, неопходни за функционирање на Факултетот за дентална медицина.

1. Д-р Елена Радевска-Размоски беше избрана за стручен соработник од областа „Протетика";
2. Проф. д-р Крсте Дејаноски беше избран во звање професор Емеритус;
3. Д-р Александар Сандевски беше избран во звање насловен доцент од областа „Интерна медицина";
4. Проф. д-р Јасмина Меческа Јовчевска беше избрана во звање насловен вонреден професор од областа „Биохемија".

**Деканска управа**

Деканската управа ги вршеше и работите од својата надлежност односно ги подготвуваше и предлагаше актите и материјалите за прашања за кои одлучува наставно-научниот совет и Деканот, како и други работи што беа актуелни во тековното работење на Факултетот за дентална медицина во рамките на Европски универзитет Скопје.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА

**Наставно-научен совет**

Наставно-научниот совет во академската 2021/2022 година, функционираше во следниот состав: Декан: доц. д-р Александар Нацев; проф. д-р Марјан Богданоски; доц. д-р Билјана Смилевска Богдановски; доц. д-р Елена Соклевска Илиевски и асс. м-р Александар Трајковски, кој последователно ја извршува функцијата секретар на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика.

Наставно-научниот совет својата 1 /прва/ седница за академската 2021/2022 година, ја оддржа на ден 21.10.2021 година (197-ма седница), додека последната седница беше одржана на ден 28.09.2022 година (213-та седница), со што вкупно беа одржани 17 /седумнаесет/ седници. Најчести точки на Дневен ред беа наставните прашања, распореди за предавања и вежби, објавување на конкурси за избор/реизбор на наставен кадар, доверување на настава, пријави за магистерски трудови, извештаи од барања за формирање на комисии за одбрана на магистерски трудови, усвојувања на извештаи од рецензиони комисии за одбрана на магистерски трудови.

**Наставно-научен колегиум**

Наставно-научниот колегиум во академската 2021/2022 година, функционираше во следниот состав: Декан: доц. д-р Александар Нацев; проф. д-р Марјан Богданоски; доц. д-р Билјана Смилевска Богдановски и доц. д-р Елена Соклевска Илиевски. Во академската 2021/2022 година се одржаа наставно-научни колегиуми каде се разгледуваа повеќе пријави за изработка на магистерски трудови со предлог теми од областа на криминалистиката и националната безбедност.

**Деканска управа**

Главниот ангажман на деканската управа беше посветен на подготовка на материјали, правилници, одговори на одредени барања поврзани со административното работење. Во работата на деканската управа беше вклучен целиот наставен кадар.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

**Наставно-научен совет**

Наставно-научниот совет во 2021/2022 година функционираше во следниот состав: декан: вонреден професор д-р Марјан Габеров и вонреден професор д-р Ѓорги Сламков.

Наставно-научниот совет во текот на академската 2021/2022 година одржа 19 /деветнаесет/ седници, од кои поголемиот дел беа за донесување на одлуки за одбрана на магистерски тези, одлуки за избор на наставници и соработници и донесување на акти, неопходни за функционирањето на факултетот, меѓу кои и Годишната програма за работа на факултетот.

## ➢ ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА

**Наставно-научен совет**

Во текот на академската 2021/2022 година Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика функционираше во следниот состав: проф. д-р Игор Лазов, проф. д-р Александра Андреска-Саревска, доц. д-р Игор Бимбилоски, секретар асистент м-р Наталија Петрова.

Седници на Наставно-научниот совет беа одржувани редовно и со присуство на претставник од Правната служба на универзитетот при што задолжително беше воден записник. Најчести точки на днавниот ред беа наставно-академските прашања како што се: објавување конкурси и избори/реизбори на наставници и асистенти, формирање рецензентски комисии за подобност на темата и кандидатот, комисии за преглед и оценка, и комисии за одбрана на магистерски тези, усвојување барања за подготовка на учебници, промоција на fакултетот, информации и дискусии околу квалитетот на наставата и слично.

**Наставно-научен колегиум**

Членови на Наставно-научниот колегиум се сите наставници на Факултетот за информатика кои се вклучени во академскиот процес. Најчести точки на дневниот ред на Колегиумот беа: разгледување пријави за магистерски работи и презентации на истите.

Посебен нагласок беше ставен на законската обврска дадена од Министерството за образование и наука за проверка на потенцијален плагијаризам во научните трудови на магистерските кандидати.

**Деканска управа на Факултетот за информатика**

На 16.09.2021 година за Декан на Факултетот за информатика беше избран проф. д-р Игор Лазов, додека функцијата на Продекан сеуште не е назначена.

## 13. РАБОТАТА НА ЕРАЗМУС КАНЦЕЛАРИЈА

- **ЕРАЗМУС ЧАРТЕР 2021-2027**

На ден 29.10.2021 година, Европски универзитет Скопје доби писмо за доделување сертификат од European Education and Culture Executive Agency (EACEA) Ref. Ares(2021)6688806, со кое се доставува информација дека по спроведената евалуација, апликацијата е позитивно евалуирана и на универзитот му се доделува “ERASMUS CHARTER FOR HIGHER EDUCATION 2021-2027” сертификат за квалитет.

Апликацијата на англиски јазик (15 стр. 39.163 карактери) со наслов EUSKECHE2021 на ден 10.06.2021 година беше доставена преку порталот Funding & tenders на ЕУ, директно до Европската Комисија во Брисел. Со ова Универзитетот аплицираше за доделување сертификат за учество-вклученост во Еразмус+ програмата за периодот од 2021-2027, што е основа за доделување и користење грантови по различни основи преку Националната агенција во претстојниот период.

Во доставениот прилог кон писмото за доделување ECHE сертификат - сумарен извештај за евалуација, изнесени се следните констатации според 3 различни критериуми на оценување:

***Критериум* #1: Релевантност на изјавата за политика на Еразмус (EPS);**

Констатирано е дека апликантот (ЕУ) презентирал јасна и конзистентна EPS во согласност со профилот на институцијата и дека програмата е во согласност со стратегијата за интернационализација, при што поставени се конкретни цели за партиципација не само во мобилности, туку и во останати програмски активности.

***Критериум #2*: Квалитет на организацијата и менаџмент;**

Институцијата демонстрира дека има капацитет за имплементација на планираните активности и да ја обезбеди нивната одржливост. Понатаму, апликантот е посветен да ја подобри актуелната структура на соработка. Мерките што ја гарантираат видливоста на Еразмус+ можностите се задоволувачки, како и оние за промоција на Чартер принципите во институцијата.

***Критериум #3*: Имплементација на ECHE Чартер принципите;**

Институцијата е посветена на имплементација на целосно автоматско признавање на постигнатите резултати од студентите/кадарот, целосен и еднаков пристап на учесници, инклузија, општествено одговорни практики, итн.

Врз основа на претходно наведеното, сумарен заклучок е дека институцијата е прифатена за обновување на Еразмус Повелбата (чартерот) за периодот 2021-2027 година. Универзитетот покажува добро разбирање на ECHE принципите и ќе обезбеди соодветно учество во Програмата.

Склучувањето на нови договори за грантови во рамки на чартерот 2021-2027 ќе се реализира соодветно по објавени повици за доделување од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

- **ЕРАЗМУС+ ГРАНТ ЗА МОБИЛНОСТ 2022**

Во предвидениот рок за поднесување апликации, преку веб-системот беше поднесена апликација за доделување грант за 2022 година во рамките на програмата Еразмус+ КА131 високо образование помеѓу програмски држави.

Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност до Европски универзитет Скопје достави Известување за резултати од селекција бр.22-321 од 11.07.2022 година, со кое не информира дека со Решение бр.22-321 од 06.07.2022 се одобрува грант по апликацијата со регистарски број 2022-1-MK01-KA131-HED-000064536, во вкупен износ од 34.500 евра во денарска противвредност.

За потребите на склучување Договор со НА и исплата на грантот, отворена е наменска потсметка бр.300000004868854 во Комерцијална банка АД Скопје под назив ЕУ СКОПЈЕ – КА131 ЕРАЗМУС 2022. Воедно, доставени се до НА потребните информации за правниот субјект со придружна документација.

На ден 14.11.2022 од страна на НА електронски е испратен Договорот за грант 2022-1-MK01-KA131-HED-000064536 со анекси и услови на користење (вкупно 6 документи). Истиот е потпишан, заверен и доставен во потребниот број примероци до Националната агенција. Се очекува исплата на средствата на наменската сметка.

- **РЕАЛИЗИРАНА ЕРАЗМУС+ МОБИЛНОСТ НА ЕУ СКОПЈЕ**

Во периодот од 13.06 до 17.06.2022 година, беше реализирана мобилност (staff mobility for training) на Европски Универзитет од страна на административен кадар – финансиски админстративни службеници од Југозападен Универзитет „Неофит Рилски“ од Благоевград, Бугарија. Истите беа вклучени во активности на job shadowing во службата за финансии и споделија знаење и искуство од работењето.

## 14. МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ ЗА НАУКИ И УМЕТНОСТИ „ИДЕЈА“

Европски универзитет Скопје го издава меѓународното списание за наука и уметност „ИДЕЈА“ почнувајќи од 2017 година. Списанието се издава 2 /два/ пати годишно и има мултидисциплинарен карактер опфаќајќи трудови од областа на економијата, информатиката, правото и политиката, уметноста, медицината и здравството, безбедноста и останати области. Во списанието се објавуваат оригинални научни трудови (Original scientific paper), прегледни трудови (Reviews), стручни трудови (Professional paper), научни белешки и кратки соопштенија (Notes), претходни соопштенија (Preliminary communications) и уметнички дела (Artworks). Ова списание има меѓународен уредувачки одбор кој го сочинуваат еминенти професори и научници кои произлегуваат од реномирани универзитети од повеќе земји вклучувајќи ги Македонија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Турција, Шпанија и Италија.

Во академската 2021/2022 година се издадени деветтиот, десеттиот и единаесеттиот број на списанието во кои се вклучени вкупно 47 трудови и 3 уметнички дела на 57 автори и коавтори од различни земји во светот.

Трудовите од деветтиот и десеттиот број произлегуваат од Единаесеттата меѓународна научна конференција во организација на Европски универзитет Скопје со наслов „Науката и уметноста во услови на пандемија“. Презентираните трудови и дела во овие два броја опфаќаат различни научни области и подрачја од економијата, правото и политиката, безбедноста, уметноста, медицината и здравството, како и другите области. Авторите разработуваат проблематики поврзани со: значењето на лидерството во услови на пандемија и потребата од поттикнување иновативност во организациите, управување со промените во услови на пандемија, влијанието на пандемијата врз финансискиот сектор и сметководствената професија, унапредување на ефикасноста преку искористување на обновливите извори на енергија; воведување нови постапки и техники во правото и безбедноста; воведување иновации и анализа на дијагностичките постапки во медицината и здравството како значаен фактор за справување со светската пандемија; понатаму, разработување теми поврзани со предизвиците со кои се соочуваат институциите во уметноста, како и уметнички дела кои даваат одраз на справувањето со стравот што владее во општеството предизвикан од ризиците и опасностите на светската пандемија.

Во единаесеттиот број од Меѓународното списание за наука и уметност „ИДЕЈА“ авторите обработуваат актуелни теми и проблематики од нивните потесни подрачја на интерес од различни научни области од економијата, правото и политиката, безбедноста, информатиката, уметноста, како и останати област.

Главен и одговорен уредник на овие изданија е доц. д-р Анита Шешо.


EUROPEAN
UNIVERSITY
UDC 33
ISSN: 2545-4552 (Print)
ISSN: 2545-4560 (Online)
IDEA
International Journal
of Science and Arts
ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност
IDEA Int. J. Sci. Arts
ИДЕЈА Меѓунар. Спис. Наук. Умет.
VOL. ГОД. 5
No. Број 9
pp. стр. 1 - 112
Skopje Скопје 2021


EUROPEAN
UNIVERSITY
UDC 33
ISSN: 2545-4552 (Print)
ISSN: 2545-4560 (Online)
IDEA
International Journal
of Science and Arts
ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност
IDEA Int. J. Sci. Arts
ИДЕЈА Меѓунар. Спис. Наук. Умет.
VOL. ГОД. 5
No. Број 10
pp. стр. 1 - 143
Skopje Скопје 2021


EUROPEAN
UNIVERSITY
UDC 33
ISSN: 2545-4552 (Print)
ISSN: 2545-4560 (Online)
IDEA
International Journal
of Science and Arts
ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност
IDEA Int. J. Sci. Arts
ИДЕЈА Меѓунар. Спис. Наук. Умет.
VOL. ГОД. 6
No. Број 11
pp. стр. 1 - 198
Skopje Скопје 2022

## 15. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр.82/18), самоевалуација на универзитетот, односно на единиците на универзитетот, се спроведува од интервали од најмногу 3 /три/ години.

Главната функција на самоевалуацијата е современиот пристап кон остварување на квалитетот во високото образование, што подразбира студентот да се јави како учесник во целокупната наставно-образовна дејност, а не само како нејзин корисник. Планот за самоевалуација е подготвен со цел Европски универзитет Скопје да ја обезбеди својата одговорност пред неговите студенти, академскиот кадар, персоналот за поддршка и деловната средина.

Самоевалуацијата се спроведува со следните цели:

- **Евалуирање на академскиот кадар** (наставници, соработници и демонстратори) за да се измери нивното постигнување;
- **Евалуирање на службите и услугите на Европски универзитет Скопје** за се измери нивниот квалитет;
- **Добиените резултати** да послужат за согледување на работењето на академскиот кадар и службите, како и на услугите кои ги нуди универзитетот;
- **Разрешување** на откриените евентуални отстапки и **создавање** основа врз која ќе се оцени и подобри вкупното работење на Европски универзитет Скопје.

Со планот за самоевалуација се одредува ефективноста на студиските програми на факултетите и на универзитетот како целина. Со планот се идентификуваат конкретните промени за подобрувања кои се еднакво потребни на сите нивоа, институционално, педагошко, административно, и се има за задача да се предложи практичен план за акција за да се остварат овие промени.

Планот за самоевалуација користи стандардизиран пристап за евалуација на крајните резултати, тој го перцепира сето ова како еден унифициран процес (една мисија за сите единици, еден збир на долгорочни цели за сите, и еден процес за самоевалуација).

Планот за самоевалуација се смета како единствен стандардизиран процес на институцијата.

Универзитетот очекува вистински резултати од реализацијата на акциониот план, а тоа се подобрени резултати на студентите (резултати од учењето, развој на вештини, резултати од личниот развој), зголемена оперативна ефективност (средина за учење, ефективност на наставникот и сл.), достигнување на стратегиски план на цели/намери, зголемено задоволсто на студентите и зголемено задоволство на академскиот кадар и останатите служби. Европски универзитет Скопје има за цел да ги исполни очекувањата на деловната средина која бара кандидатите да имаат способности и потребно знаење со кои би им помогнале на нивните компании да успеат во конкурентската глобална средина. Самоевалуацијата на универзитетот е дел од процесот за евалуација на неговиот квалитет и дел од постапката на акредитација согласно законските акти.

Европски универзитет Скопје во текот на летниот семестар во академската 2021/2022 година спроведе самоевалуација на универзитетот. Составен дел од самоевалуацијата е анкетата на студентите за услугите на административниот кадар, и за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар, одделно за секој наставен предмет, која

се спроведе на сите единици во состав на Европски универзитет Скопје, во текот на втората половина од летниот семестар во академската 2021/2022 година.

Преку анкетните прашалници од студентите се доби повратна врска за различни аспекти поврзани со студирањето на студиските програми на соодветните факултети, мотивираноста на студентите, односот на академскиот кадар кон студентите, нивната подготвеност за настава, користењето на современи методи во пренесувањето на знаењата, како и други релевантни податоци.

Самоевалуацијата се спроведе со цел да се согледаат достигнувањата од примената на најдобрите практики на високото образование во работењето на Европски универзитет Скопје. Универзитетот е целосно посветен на воведување на современи високообразовни стандарди со цел да понуди високо квалитетно образование за своите студенти.

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**

Европски универзитет Скопје, како прва приватна високообразовна институција во Република Северна Македонија, ја остварува својата мисија преку создавање на квалитетно знаење, основниот двигател во современото општество, кое ќе биде пренесено на сегашните и идните студенти.

Универзитетот претставува образовна институција, облагородена со интелектуална и културна разновидност, која целосно е посветена на едукација на своите студенти, во делот на додипломските и последипломските студии, и се стреми на своите студенти да им обезбеди база на знаење, работни навики и вештини, со чија помош ќе успеат да постигнат лично усовршување и унапредување на општеството во кое живеат и работат.

Визијата на Европски универзитет Скопје е постојан напредок, со цел постигнување на европски стандарди во наставно - образовниот процес, преку примена на најдобрите практики од високообразовниот систем во своето работење. Универзитетот организира современ наставен процес за потребите на студентите, со пренесување на знаење и вештини од страна на компетентни кадри, во најсофистицирани опремени простории.

Наставно-образовната, научна и апликативна дејност на универзитетот се остварува на 5 /пет/ единици.

На Универзитетот функционира и ПЗУ - Универзитетски стоматолошки клинички центар „ПРОФ. Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ" Скопје, каде што студентите на Факултетот за дентална медицина ја извршуваат практичната работа и се здобиваат со нови знаења.

**Европски универзитет - Едно семејство, една визија!**

**Р е к т о р :**

**Проф. д-р Владо Ванковски**